**MK 13 IPA SO 0215** *(MK 13 IB SO 02)*

ЕУ финансиран твининг проект: “Понатамошно подобрување на системот за развој и имплементација на Националната рамка на квалификации”

# ПРЕПОРАКИ И НАЦРТ ЗАКОНСКИ АКТИ ЗА РЕВИДИРАЊЕ НА ПОСТОЈНОТО ЗАКОНОДАВСТВО


Меѓународни експерти:

Ана Тецилазиќ Горшиќ
Билјана Бирач
Јосипа Чесновар
Јелена Павичиќ
Ружица Бељо Лучиќ
Марта Пониковска
Лек Богута

со поддршка на националните експерти:
Наташа Јаневска
Нада Стоименова
Борчо Алексов


17 Август 2017

## СОДРЖИНА


I. ВОВЕД ..... 3

II. ОСНОВНО И ГИМНАЗИСКООБРАЗОВАНИЕ ..... 6

Препораки за ревидирање на постојното законодавство ..... **Error! Bookmark not defined.**

Терминолошки усогласувања ..... **Error! Bookmark not defined.**

Процедури за вклучување на квалификациите во МРК ..... **Error! Bookmark not defined.**

Улога на Бирото за развој на образование ..... **Error! Bookmark not defined.**

Нацрт законски акти за ревидирање на постојното законодавство ..... 11

Закон за основно образование ..... 11

Закон за средно образование ..... **Error! Bookmark not defined.**

Закон за Бирото за развој на образование ..... 17

III. СТРУЧНО ОБРАЗОВАНИЕ И ОБУКА ..... **Error! Bookmark not defined.**

Препораки за ревидирање на постојното законодавство ..... **Error! Bookmark not defined.**

Терминолошки усогласувања ..... **Error! Bookmark not defined.**

Процедури за вклучување на квалификациите во МРК ..... **Error! Bookmark not defined.**

Нацрт законски акти за ревидирање на постојното законодавство ..... **Error! Bookmark not defined.**

Закон за Националната рамка на квалификации ..... **Error! Bookmark not defined.**

IV. ОБРАЗОВАНИЕ НА ВОЗРАСНИ ..... 35

Препораки за ревидирање на постојното законодавство ..... **Error! Bookmark not defined.**

Концептуални и терминолошки препораки ..... **Error! Bookmark not defined.**

Препораки за ревидирање на процедури и надлежностите на институциите ..... **Error! Bookmark not defined.**

Нацрт законски акти за ревидирање на постојното законодавство ..... **Error! Bookmark not defined.**

Закон за образование на возрасни ..... **Error! Bookmark not defined.**

Секундарно законодавство ..... **Error! Bookmark not defined.**

Закон за отворените граѓански универзитети за доживотно учење, консолидиран текст ..... **Error! Bookmark not defined.**

V. ВИСОКО ОБРАЗОВАНИЕ ..... 52

Препораки за ревидирање на постојното законодавство ..... **Error! Bookmark not defined.**

Вклучување на стандардите на високообразовните квалификации во Регистарот на МРК ..... **Error! Bookmark not defined.**

Одобрување на студиските програми усогласени со соодветните стандарди на квалификации ..... **Error! Bookmark not defined.**

VI. ЗАКЛУЧОЦИ........................................................................................................................84

## I. ВОВЕД

Целта на документот насловен како „Препораки и нацрт-законски акти за ревидирање на постојните закони за усогласување на НРК со ЕРК" (во понатамошниот текст: *Препораки*) е да обезбеди препораки за тоа како да се прилагоди на постојната македонската правна рамка за да се овозможи целосна имплементација на Македонската рамка на квалификации (МРК),која е референцирана кон Европската рамка на квалификации (ЕРК) и самопотврдена конРамкатана квалификации на европскиотпростор на високото образование (QF-EHEA).

Овие *Препораки* се засновани на концептуални решенија развиени во рамките на Компонента 1 од твининг проектот и беа дискутиранисо земјата-корисник, Одделениетоза за НРК при Министерството за образование и наука и со работната група, основана како дел од Компонента 1, составена од претставници на институции и организации на засегнатите страни.

Во текот на разговорите со работната група и засегнатите страни, стана јасно дека постои конфузија во концептите и употребата на некои основни поими како квалификации, стандарди на квалификации и програми, квалификации за средно стручно образование, стручни квалификации и професионални квалификации. Поради ова, изготвен беше дијаграм кој ги претставува различните типови квалификации во Македонскиот систем на квалификации и истиот е вклучен во овој документ.

Законот за Национална рамка на квалификации (Закон за НРК) претставува концептуална основа за ревидирање на законодавството, како сеопфатен правен документ кој е референтна точка за сите други законски акти,кои предлагаме да се усогласат со Законот на НРК. Националната рамка на квалификации не се споменува во ниту еден од постојните закони за основно, средно, стручно образование и обука или образование на возрасни, кои биле донесени пред да се подготви Национална рамка на квалификации. Исклучок кон ова е Законот за високото образование (Член 99), бидејќи во 2010 година била развиена Националната рамка на високообразовни квалификации во земјата-корисник, и измените и дополнувањата на Законот за високо образование биле направени помеѓу 2011 и 2015 година.

Поради ова постои потреба да се променат во законите за основно, средно, стручно образование и обука и образование на возрасни на начин на кој ќе гиповрзе со Националната рамка на квалификации. Покрај ова, постои потреба да се ревидира Законот за Национална рамка на квалификации кој ќе ги регулира овиепрашања.

Земјата-корисник веќе напредува конразвивање на Националната рамка на квалификации. Законодавството за НРК, одобрено во 2013 година, стапи во сила во септември 2015 година. Законот за НРК ја регулира Националната рамка на квалификации, нивоата и под-

нивоата на квалификации, типовите на квалификации, обемот на квалификации, надлежните органи за предлагање, донесување и класификација на квалификации, осигурувањетона квалитет, Регистарот на квалификации, и институциите кои ги опфаќа овој закон. Сепак, дискусиите со земјата-корисник нѐ уверија дека постои потреба да се воведат одредени измени и во Законот за НРК, особено, за да се направи разлика во правните постапки и надлежноста привклучување на различни квалификации во МРК (основно и средно гимназиско образование, стручно образование и обука, високо образование, формално образование за возрасни и неформалното образование за возрасни).

*Препораките* ги опфаќаат и предложените измени во законските акти кои се однесуваат на образовниот систем на сите нивоа на квалификации, како и измените на самиот Закон за НРК. Накратко,*препораките* вклучуваат ревидирање/ажурирање на осум (8) закони, десет (10) правилници и една (1) уредба, кои ги опфаќаат сите нивоа на квалификации и образовниот систем, како што е наведено подолу.

- ***ЗАКОНИ (8):***

1. Закон за Националната рамка на квалификации (Службен весник на Република Македонија, бр. 137/2013)
2. Закон за основно образование (Службен весник на Република Македонија, бр. 103/2008, 33/2010, 116/2010, 156/2010, 18/2011, 42/2011, 51/2011, 6/2012, 100/2012, 24/2013, 41/2014, 116/2014, 135/2014, 10/2015, 98/2015 и 145/2015)
3. Закон за средно образование (Службен весник на Република Македонија, бр. 44/1995, 24/1996, 34/1996, 35/1997, 82/1999, 29/2002, 40/2003, 42/2003, 67/2004, 55/2005, 113/2005, 35/2006, 30/2007, 49/2007, 81/2008, 92/2008, 33/2010, 116/2010, 156/2010, 18/2011, 42/2011, 51/2011, 6/2012, 100/2012, 24/2013, 41/2014, 116/2014, 135/2014, 10/2015, 98/2015, 145/2015 и 30/2016)
4. Закон за Бирото за развој на образование(Службен весник на Република Македонија, бр.37/2006; 142/2008; 148/2009, 9/2013, 120/2013, 148/2013, 41/2014 and 30/2016)
5. Закон за стручно образование и обука (Службен весник на Република Македонија, бр.71/2006, 117/2008, 148/2009, 17/2011, 24/2013, 137/2013, 41/2014 and 145/2015)
6. Закон за образование на возрасни (Службен весник на Република Македонија, бр. 7/2008, 17/2011, 51/2011, 74/2012, 41/2014, 144/2014 и 146/2015)
7. Закон за отворените граѓански универзитети за доживотно учење (Службен весник на Република Македонија, бр. 36/2011, 41/2014 и 145/2015)
8. Закон за високо образование (Службен весник на Република Македонија, бр. 35/2008; 103/2008; 26/2009; 83/2009; 99/2009; 115/2010; 17/2011; 51/2011; 123/2012; 15/2013; 24/2013; 41/2014; 116/2014; 130/2014; 10/2015; 20/2015; 98/2015; 145/2015 и 154/2015)

- ***ПРАВИЛНИЦИ (10):***

1. Правилник за начинот на верификација на посебни програми за образование на возрасните

2. Правилник за формата, содржината и начинот на водењето на Централниот Регистар и на општинскиот Регистар за установите и институциите кои реализираат јавно признати програми за образование на возрасни
3. Правилник за начинот на верификација на понудувачите и институциите за образование на возрасните
4. Правилникот за називот, содржината и формата на сертификатот за знаење, способности и компетенции стекнати од посебната програма за образование на возрасните
5. Правилник за задолжителкните компоненти на студиските програми од прв, втор и трет студиски циклус (Службен весник, бр. 154/2011)
6. Правилник за начинот на потврдување на компатибилноста на Националната рамка на високообразовни квалификации со Европската рамка на високообразовни квалификации (само-потврдување) (13-5986/1; 04.04.2014)
7. Правилник за организацијата, работата, начинот на одлучување, методологијата за акредитација и евалуација, стандардите за акредитација и евалуација, како и други прашања во врска со работата на Одборот за акредитација и евалуација на високото образование(Службен весник бр. 151/2012)
8. Правилник за нормативите и стандардите за основање на високообразовни установи и за вршење високообразовна дејност (во Извештајот за поврзување: Уредба за нормативите и стандардите за основање на високообразовни установи и за вршење високообразовна дејност("Службен весник" бр. 103/10, 168/10 & 10/11))
9. Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за задолжителни компоненти на студиските програми од прв, втор и трет студиски циклус (2011)
10. Правилник за формата, содржината и начинот на водење на Регистарот за високообразовни квалификации(2014) и Закон за НРК (2015)

- ***УРЕДБИ (1):***

1. Уредба за Националната рамка за високообразовните квалификации (Службен весник бр. 154/10)

Сепак, листата на законски акти со кои треба да се ревидираат не е сеопфатна, бидејќи таа не вклучува ревидирање на подзаконските акти кои треба да се дискутираат во рамките на Активност 1.3.1. насловена како *Ревидирање и изготвување на протоколи и правилници кои се релевантни за системот на НРК и изработка на соодветни законски акти (закони, подзаконски акти, протоколи според ревидираните потребите на корисникот).*

Овие *препораки* се фокусираат главно на процедури кои го пропишуваат поднесувањето, оценувањето, одобрувањето и акредитацијатана образовни и студиски програми кои водат до квалификации на сите нивоа кои се вклучени во МРК. Покрај тоа, *препораките* предлагаат воведување на подзаконските акти кои се потребни за финализирање на кохерентна законска рамка која ќе овозможи целосна имплементација на МРК, која е референцирана кон ЕРК и самопотврдена кон Рамката на квалификации на европскиот простор за високо образование.

Предложените измени се резултат на детална анализа на законодавството во однос на стратешките цели и очекувања на земјата-корисник од МРК. Покрај тоа, тие ги земаат предвид забелешките добиени од страна на Советодавна група на ЕКР за Извештај за поврзување кој служи како инструмент за оценување на усогласеноста на МРК со принципите на ЕРК.

Овој документ е поделен во петпоглавја, со вовед и заклучоци,кои ги опфаќаат сите нивоа на квалификации и образовниот систем:основно образование, средното гимназиско, четиригодишно стручно образование и уметничкото образование и стручното образование и обука; високото образование и образованието на возрасните. Секое поглавје е структуирано во две под-поглавја, едно кое дава препораки за ревидирање и ажурирање на постојната законска регулатива со причини и аргументи зад таквите предлози, додека второто предлага конкретно ревидирање на постојните законски акти.

## II. ОСНОВНО И ГИМНАЗИСКО ОБРАЗОВАНИЕ

### Препораки за менување на постојната законска регулатива

Основното образование е регулирано со Законот за основно образование; средното образование е регулирано со Законот за средно образование, додека основното образование за возрасни е регулирано со Законот за образование на возрасни. Сите овие закони стапиле во сила пред донесувањето на Законот за НРК и поради ова тие несе во согласност МРК. Овие закони треба да се ревидираат за да се земат превид  две големи измени. Најпрво, терминологијата треба да се прилагоди на термините и концептите воведени со Законот за НРК. Понатаму, овие закони треба да ги регулираат процедурите за вклучување на соодветните квалификации во МРК. Конечно, на Законот за Бирото за развој на образование, кој ја регулира надлежноста на Бирото, не ја предвидува истата улога на Бирото за развој на образование која му е дадена со донесувањето на Законот за НРК. Поради ова, овој закон исто така треба соодветно да се ревидира.

### Терминолошки усогласувања

Следниве термини се користат наизменично: „образовна програма" и „курикулум", и двете ги опфаќаатнаставниот план и програма и испитната програма.

Терминот „образовна програма" е воведен во Законот за НРК, но, според некои, овој термин не е прифатен од страна на поголемата група на засегнатитестрани. Сепак, ние препорачуваме постојните закони да се ревидираат преку усогласување на терминологијата со онаа од Законот за НРК. За нас, ова не е само терминолошко усогласување, туку претставува концептуална измена и доближување кон пристапот на резултатите од учење.

Според ова, во извештајот до Министерот за образование и наука, изготвен од страна на работната група и утврден со решението на Министерот за образование и наука од 23-ти јули 2014 година, се препорачува следното:

- Во Законот за основно образование, во Член 25, став 5, треба да се воведенова измена за „(образовни) програми", кои треба да се развиваат врз основа на резултати од учење, како што е наведено во Законот на НРК, и дефиницијата треба да биде целосно усогласена со дефиницијата од Законот за НРК.

- Во Законот за средно образование, Член 21, треба да се воведе нова одредба за„(образовни) програми", кои треба да се развиваат врз основа на резултати од учење, како што е наведено во Законот за НРК, и дефиницијата треба да биде целосно усогласена со дефиницијата од Законот за НРК.

**Постојното законодавство треба да се ревидира преку усогласување на терминологијата и концептите со Законот за НРК.**

**Терминот „образовна програма“ треба да го замени постоечкиот термин на наставен план и програма и испитна програма.**

## Процедури за вклучување на квалификации во МРК

Со цел да бидат вклучени во Регистарот на МРК, квалификациите стекнати по основно и гимназиско образование (вклучувајќи го и уметничкото образование) треба да се опишатспоред резултати од учење кои се во согласност со МРК описите зарезултати од учење.

Стандардите на квалификација за основно и гимназиско образование (вклучувајќи го и уметничкото образование) треба да ги развива Бирото за развој на образованието (стручни работни групи и рецензенти), а во случај на стандарди на квалификација за основното образование, треба да се развиваат во соработка со Центарот за образование на возрасни, по што, конечно, се доставуваат до Националниот одбор за МРК, кој ги усвојува стандардите на квалификации.

Бирото за развој на образованието развива образовни програми за основно и гимназиско образование (вклучувајќи го и уметничкото образование) и ги доставува до Националниот одбор за МРК кој ја оценува усогласеноста на образовнитепрограми со соодветните стандарди на квалификации и дава мислење за усогласеноста до Министерот.

Министерот за образование и наука ги усвојуваобразовнитепрограми за основно и гимназиско образование (вклучувајќи го и уметничкото образование), кои ги поднесува Бирото за развој на образованието, заедно со позитивното мислење од Националниот одбор за МРК за усогласувањето на програмите со соодветните стандарди на квалификации.

Како што можевме да разбереме од одредбите во Законот за НРК, Националниот одбор за МРК проценува дали развиените стандарди на квалификации се во согласност со МРК описитена резултатите од учење, дали резултатите од учење се одразени во соодветните образовни програми и дали при процесот на нивно развивањебиле вклучени релевантни експерти. Според ова, критериумите за оценување на усогласеноста со МРК треба да ја вклучуваатусогласеноста соописитена резултатитеод учење и соодветноста и транспарентност на процедурата во посебен правилник за регулирање на работата на

Националниот одбор за МРК и на Секторскитекомисии за квалификации, кои го одобрува Националниот одбор за МРК.

**ЗАКЛУЧОЦИ НА ПРЕПОРАЧАНИОТ МОДЕЛ ЗА ВКЛУЧУВАЊЕ НА ОБРАЗОВНИТЕ ПРОГРАМИ И КВАЛИФИКАЦИИ ЗА ОСНОВНО И ГИМНАЗИСКО ОБРАЗОВАНИЕ ВО РЕГИСТАРОТ НА МРК**

*- ОСНОВНО ОБРАЗОВАНИЕ*

Развојот на Стандард на квалификација за основно образование е инициран од Националниот одбор за МРК, го доставува до Министерството за образование и наука (Сектор за основно и средно образование).

Министерството за образование и наука го препраќа до Бирото за развој на образование да развие Стандард на квалификација за основно образование, во соработка со Центарот за образование на возрасни, според Протоколотот за соработка помеѓу Бирото за развој на образованието, Центарот за Стручно образование и обука и Центарот за образование на возрасни.

Стандардот на квалификација за основно образование го оценуваНационалниот одбор за МРК, којшто ја оценува и усогласеноста на образовните програми за основно образование со соодветниотСтандард на квалификација.

Стандардот на квалификација за основно образование го усвојува Националниот одбор за МРК, додека образовнатапрограма за задоложително основно образование ја усвојува Министерот за образование и наука врз основа на позитивното мислење добиено од Националниот одбор за МРК.

Стандардот на квалификација за основно образование и образовната програма се вклучуваат во Регистарот на МРК по нивното усвојување од Националниот одбор за МРК и од Министерот за образование и наука.

Истото важи и за стандардот на квалификација и образовните програми за гимназиско и уметничкото образование.

Образовната програма за основно образование на возрасни ја развива Центарот за образование на возрасни според Стандардот на квалификација одРегистарот на МРК (истиот стандард важи за задолжително основно образование и основно образование на возрасни).

Стандардот на квалификација за основно образование ќе се ревидира на секои пет години или и пократко, доколку е потребно. По ревидирањето и одобрувањето на стандардот, постапката за оценување на усогласеноста на образовната програма со стандардот се повторува. Во меѓувреме, образовната програма може да се промени и без да се менува стандардот на квалификација доколку промените не се суштествени и постои усогласеност со стандардот.

*- ГИМНАЗИСКО ОБРАЗОВАНИЕ И УМЕТНИЧКО ОБРАЗОВАНИЕ*

Развојот на Стандард на квалификација за гимназиско образование го иницира Националниот одбор за МРК, го доставува до Министерството за образование и наука (Сектор за основно и средно образование).

Министерството за образование и наука  го препраќа Бирото за развој на образованието за да развие Стандард на квалификација за гимназиско образование,

Стандардот на квалификација за гимназиско образование се оценува од Националниот одбор за МРК, којштоја оценува и усогласеноста на образовната програми за гимназиско образование  со соодветниотСтандард на квалификација.

Стандардот на квалификација за гимназиско образование го усвојува Националниот одбор за МРК, додека образовната програма за гимназиско образование ја усвојува Министерот за образование и наука брз основа на позитивното мислење добиено од Националниот одбор за МРК.

Стандардот на квалификација за гимназиско образование и образовната програма се вклучуваат во Регистарот на МРК по нивното усвојување од страна на Националниот одбор за МРК и од Министерот за образование и наука.

Истото важи и за стандардот на квалификација и образовните програми за уметничкото образование.

Стандардот на квалификација за гимназиско образование ќе се ревидира на секои пет години или и пократко, доколку е потребно. По ревидирањето и одобрувањето на стандардот, постапката за оценување на усогласеноста на образовната програма со стандардот се повторува. Во меѓувреме, образовната програма може да се промени и без да се менува стандардот на квалификација доколку промените не се суштествени и постои усогласеност со стандардот.

**Законот за основно образование треба да се ревидира со воведување на нов член кој ќе го регулира вклучувањето на квалификациите стекнати по успешно завршување на задолжителното основно образование на Ниво I од МРК.**

**Законот за средно образование треба да се ревидира со воведување на нов член кој ќе го регулира вклучувањето на квалификациите стекнати по успешно завршување на гимназиското образование на Ниво IV од МРК.**

**Законот за образование на возрасни треба да се ревидира со воведувањена нов член кој ќе ја дефиниразадачата на Центарот за образование на возрасни за развивањето напрограмаза основно образование на возрасни во согласност со соодветниот Стандард на квалификација (што се оценува од страна на Националниот одбор за МРК), а потоа конечно се донесува од страна на Министерот за образование.**

**Наша препорака е критериумите за оценување на усогласеноста со МРК да се регулираат со посебен Правилник за регулирање на работата на Одборот на НРК и на секторските комисии за квалификации, кој ќе го одобри Националниот одбор за МРК. Одредбата за воведување на ваков правилник треба да се вметне во Законот за НРК.**

## Улога на Бирото за развој на образованието

Како што е наведено во Законот за НРК, Член 15, Бирото за развој на образованието е еден од надлежните органи за „развивање, проверка, усвојување, признавање и класифицирање на квалификациите во Македонската рамка на квалификации". Во Член 16 од истиот закон, претставеник од Бирото е еден од членовите на Националниот одбор за МРК, како и една од заинтересираните институцииkои учествуваат во Протоколот за соработка. Сепак, улогата на Бирото во МРК, освен преку учеството во развивањето на политиките, не е пропишана во детали во постојната законска регулатива.

**Се препорачува ревизија на Законот за Бирото за развој на образованието во начинот на кој му се даваат задачите на Бирото, во делот на развојот и имплементацијата на МРК , пропишани во основниот документ.**

## Нацрт законски акти за ревидирање на постојното законодавство

### Концепти за основно образование

**Дополнет нов член:**

Програмите за основно образование се базирани врз Стандардот на квалификација од Регистарот наНРК.

### Закон за основно образование

**Измени на Член 1**

Член 1 се менува со вметнување на следните дефиниции од Законот на НРК:

1. „Национална рамка на квалификации (НРК)“ е инструмент за воспоставување на систем на квалификации стекнати во одредена земја, со кој се дава основа за стекнување на квалификации, проодност и квалитет на квалификациите.
2. „Македонска рамка на квалификации (МРК)“ е задолжителен национален стандард со кој се уредува стекнувањето и користењето на квалификациите во Република Македонија и инструмент за воспоставување систем на квалификации стекнати во Република Македонија со кои се даваат основите за прегледност, пристап, проодност, стекнување и квалитет на квалификациите.
3. „Европската рамка на квалификации (ЕРК)“ (European Qualifications Framework, EQF)“ преставува заедничка референтна рамка која ги поврзува системите на квалификации во различните земји и преставува инструмент за препознавање и разбирање на квалификациите.
4. „Институција“ е установаили друга институција која е верифицирана/ акредитирана да образува, обучува и оценува учесници кои се стекнуваат со квалификации. Институциите нудат формални и неформални програми кои водат до квалификации и издаваат јавни исправи за истите.
5. „Квалификација“ е формален резултат од процесот на оценување и потврдување кој што е стекнат кога одговорна институција потврдува дека поединецот ги има постигнато резултатите од учење согласно утврдени стандарди.
6. „Нивоа во рамката“ е серија на последователничекори на учење, изразени во односна низа општи резултати, структурирани според збир на описи/дескриптори.
7. „Описи на квалификации“ се мерливи показатели за резултатите од учење кои се однесуваат на стекнатите знаења, вештини и компетенции.

8. „Оценување“ е процес на вреднување на знаењето, вештините и компетенциите според претходнодефинирани критериуми и резултати на учење, кое вклучува писмени, усни и практичнитестови, испити, проекти и портфолио.
9. „Резултати од учење“ се изјави за тоа што знае, што разбира и штоможе да прави учесникот, како резултат на формалниот, неформалниот или информалниотпроцес на учење. Резултатите од учење се дефинираат во смисла на знаења,вештини и компетенции (самостојност и одговорност)
10. „Програма (образовна/студиска)“ е збир на образовни компоненти, засновани нарезултатите од учењето, кои сепризнаваат задоделување на конкретна квалификација.
11. „Стандард на квалификација“ја претставува содржината и структурата на дадена квалификација. Ги вклучува сите податоци потребни за одредување ниво, обем и профил, како и податоци потребни за осигурување и промовирање на висок квалитет на стандардот за квалификација.

**Се додава Член 2 (заНРК):**

(1) Квалификациите стекнати по успешно завршување на задолжителното основно образование, основно музичко и основно балетско образование се опишуваат според соодветниот стандард на квалификација и во однос на резултатите од учење кои се во согласност со описитена резултатите од учење на Ниво I на НРК, како што е пропишано со Законот за Националната рамка на квалификации.

(2) *Стандардите на квалификација за задолжителното основно образование*се развиваатзаеднички од страна на Бирото за развој на образование и Центарот за образование на возрасни, во согласност со Протоколот за соработка на Бирото за развој на образованието, Центарот за стручно образование и обука и Центарот за образование на возрасни.

(3) Стандардите на квалификација за основно музичко и стандардот на квалификација за основно балетско ги развива Бирото за развој на образование.

(4) Стандардитена квалификација за задолжителното основно образование, основно музичко и основно балетско образование ги донесува Националниот одбор на Македонската рамка на квалификации и гивклучува во МРКнаНивоI во Регистарот на МРК и гиповрзувасо НивоIодЕвропската рамка на квалификации.

(5) Стандардот на квалификација за основно образование ќе се ревидира секои пет години, или порано, доколку е потребно. По ревидирањето и одобрување на стандардот, повторно се оценуваусогласеноста на образовната програма со стандардот

(6) Образовните програми од формалното образование за задолжително основно образование, основно музичко и основно балетско образованиесе развиваат во согласност со соодветниот стандард на квалификација од страна на Бирото за развој на образованието.

(7) Усогласувањето на образовните програми од формално образование за задолжително основно образование, основно музичко и основно балетско образование, со соодветниот стандард на квалификација се оценува од страна на Националниот одбор за МРК, и со позитивното мислење, се усвојуваод страна на Министерот надлежен за основно образование.

(8) Во исклучителни околности, образовните програми може да се променат без да се промени Стандардот на квалификација, доколку промените не се суштински и постои усогласеност со стандардот.

(9) Основните училишта ги спроведуваат образовните програми за задолжително основно образование, основно музичко и основно балетско образование кои се одобрени од Министерот надлежен за образованиеи наука.

**Измени на Член 25**

Член 25 се брише.

**Измени на Член 30**

Член 30 се менува со нова формулација во задебелен текст:

**(1)** Министерот, на предлог на Бирото, ќе ги донесе образовните програми, **заосновани на резултати од учење, а во согласност со Стандардот на квалификации за основно образование од Регистарот на МРК,** за учениците со посебни образовни потреби во посебните училишта и посебните паралелки во основните училишта.

**(2)** Задолжителните и изборните предмети за учениците со посебни образовни потреби се спроведуваат во согласност со образовните програми**засновани на резултати од учење, а во согласност со Стандардот на квалификации за основно образование од Регистарот на МРК**прилагодени на нивните посебни образовни потреби.

**Измени на Член 31**

Член 31 се брише.

**Измени на Член 31-а**

Член 31-а се менува со нова формулација прикажана во задебелен текст:

**(1)** Експерименталната програма**, заоснована на резултати од учење,**и развојно-истражувачкиот проект може да се имплементира во основното училиште соцелподобрување на образовниот процес.

**(2)** Експерименталната програма**, заоснована на резултати од учење,** и развојно-истражувачкиот проект споменат во став (1) на овој Член се изготвува и/или предлага од страна на Бирото, а ја/го донесува министерот.

## Закон за средно образование

### Измени со додавање Член

Терминот „наставен план“ и „курикулум“ се заменуваат со терминот „образовна програма“ во целиот текст.

### Измени на Член 1

Член 1 се менува со вметнување на следните дефиниции од Законот на НРК:

1. „Национална рамка на квалификации (НРК)“ е инструмент за воспоставување на систем на квалификации стекнати во одредена земја, со кој се дава основа за стекнување на квалификации, проодност и квалитет на квалификациите.

2. „Македонска рамка на квалификации (МРК)“ е задолжителен национален стандард со кој се уредува стекнувањето и користењето на квалификациите во Република Македонија и инструмент за воспоставување систем на квалификации стекнати во Република Македонија со кои се даваат основите за прегледност, пристап, проодност, стекнување и квалитет на квалификациите.

3. „Европската рамка на квалификации (ЕРК)“ (European Qualifications Framework, EQF)“ преставува заедничка референтна рамка која ги поврзува системите на квалификации во различните земји и преставува инструмент за препознавање и разбирање на квалификациите.

4. „Институција“ е установаили друга институција која е верифицирана/ акредитирана да образува, обучува и оценува учесници кои се стекнуваат со квалификации. Институциите нудат формални и неформални програми кои водат до квалификации и издаваат јавни исправи за истите.

5. „Квалификација“ е формален резултат од процесот на оценување и потврдување кој што е стекнат кога одговорна институција потврдува дека поединецот ги има постигнато резултатите од учење согласно утврдени стандарди.

6. „Нивоа во рамката“ е серија на последователничекори на учење, изразени во односна низа општи резултати, структурирани според збир на описи/дескриптори.
7. „Описи на квалификации“ се мерливи показатели за резултатите одучење кои се однесуваат на стекнатите знаења, вештини и компетенции.

8. „Оценување“ е процес на вреднување на знаењето, вештините и компетенциите според претходно дефинирани критериуми и резултати на учење, кое вклучува писмени, усни и практични тестови, испити, проекти и портфолио.

9. „Резултати од учење“ се изјави за тоа што знае, што разбира и што може да прави учесникот, како резултат на формалниот, неформалниот или информалниот процес на учење. Резултатите од учење се дефинираат во смисла на знаења, вештини и компетенции (самостојност и одговорност).

10. „Програма (образовна/студиска)“ е збир на образовни компоненти, засновани на резултатите од учењето, кои се признаваат за доделување на конкретна квалификација.

11. „Стандард на квалификација“ја претставува содржината и структурата на дадена квалификација. Ги вклучува сите податоци потребни за одредување ниво, обем и профил, како и податоци потребни за осигурување и промовирање на висок квалитет на стандардот за квалификација.

**Се додава Член 2 (за НРК):**

(1) Квалификациите стекнати по успешно завршување на четиригодишно средно образование (гимназиско стручно образование, уметничко образование и образование за ученици со посебни потреби) се опишуваат според соодветниот стандард на квалификација (од Регистарот наМРК) и преку резултати од учење кои се во согласност со описитена резултатите од учење на НивоIV на НРК, како што е пропишано со Законот за Националната рамка на квалификации.

(2) Стандардите на квалификација за четиригодишно средно образование(гимназиско, стручно образование, уметничко образование и образование за ученици со посебни потреби) ги развива Бирото за развој на образованието.

(3) Стандардитена квалификација за четиригодишно средно образование (гимназиско,стручно образование, уметничко образование и образование за ученици со посебни потреби)ги донесува Националниот одборза МРК и ги вклучува во МРК, на НивоIV во Регистарот на Македонската рамка на квалификации и ги поврзувасо НивоIVнаЕвропската рамка на квалификации.

(4) Стандардите на квалификација за четиригодишно средно (гимназиско образование, стручно образование, уметничко образование и образование за ученици со посебни потреби) ќе се ревидираат секои пет години или пократко, доколку е потребно. По ревизијата и одобрување на стандардот, ќе се направи повторно оценување на усогласеноста на образовните програми со стандардите на квалификација. Образовните програми од четиригодишно гимназиско средно образование(вклучувајќи ги четиригодишното стручно образование, уметничко образование и образование за ученици со посебни потреби)се развиваат во согласност со соодветниот стандард на квалификација од Регистарот на МРК развиени од страна на Бирото за развој на образование.

(5) Усогласувањето на образовните програми од четиригодишно средно образование (гимназиско образование, стручно образование, уметничко образование и образование за ученици со посебни потреби) ) со соодветниот стандард на квалификација од Регистарот на МРК се оценува од страна на Националниот одбор за МРК, и со позитивното мислење, се усвојуваод страна на Министерот надлежен за средно образование.

(6) Во исклучителни околности, образовните програми може да се променат без да се промени Стандардот на квалификација, доколку промените не се суштински и постои усогласеност со стандардот.

**Се додава Член 3:**

(1) Образовните програми кои водат до стекнување на квалификации од стручното образование и обука на Ниво II, III и IV одМРК, како составен дел на системот на средното образование, се подготвуваат во согласност со соодветниот стандард на квалификација од Регистарот на МРК, заеднички од страна на Бирото за развој на образование и Центарот за стручно образование и обука, врз основа на Протоколот за соработка помеѓуБирото за развој на образованието, Центарот за стручно образование и обука и Центарот за образование на возрасни, како што е пропишано со Законот за стручно образование и обука.

(2) Постапките кои го регулираат вклучувањето на квалификациите во Регистарот на МРК од став 1 на овој член, се пропишани во Законот за НРК.

**Измени на (постојниот) Член 2**

Член 2 се менува со нова формулација, прикажана со задебелен текст:

**Образовните програми за гимназиско образование, стручно образование и обука, средното уметничко образование и средното образование за ученици со посебни образовни потреби се засновани на резултатите од учење во согласност со стандардите на квалификации од Регистарот на МРК.**

**Измени на Член 21**

Член 21 се брише.

**Измени на Член 22**

Член 22 се брише.

**Измени на Член 32**

Член 32 се менува со нова формулација со задебелен текст:

Средното образование се реализира преку образовни програми, **засновани на резултатите од учење во согласност со стандардите на квалификации** од Регистарот на МРК, за:

- **гимназиско о**бразование;
- стручно образование **и обука**;
- средно уметничко образование;
- средно образование за ученици со посебни образовни потреби.

**Измени на Член 121 (преодни и завршни одредби):**

Член 121 се менува со воведување на нова одредба:

- Постојните процедури на донесување на **програми за стручно образование и обука** ќе продолжат да се применуваат се до создавање на Секторските комисииза квалификации како надлежни тела за оценување на стандардите за квалификации.

## Закон за Бирото за развој на образование

**Измени на Член 5**

Член 5 се менува со додавање на нови одредби:

(1) Во согласност со Член 13 од Законот за НРК, Бирото за развој на образованието, заедно со Центарот за образование на возрасни и Центарот за стручно образование и обука, е надлежна институцијаза развивање на стандардите на квалификации од нивоI до ниво VБ.

(2) Бирото за развој на образованието, заедно со Центарот за образование на возрасни, каде што е потребно, ги развива стандардите за квалификации за основно образование, вклучувајќи го и гимназиското, уметничкото образование и образованието на ученици со посебни потреби, на ниво I и ниво V од МРК.

(3) Бирото за развој на образованието, заедно со Центарот за стручно образование и обука, ги развива стандарди на квалификации за средно стручно образование и обука на ниво II, III и IV од МРК.

(4) Соработката помеѓу Бирото за развој на образование, Центарот за стручно образование и обука и Центарот за образование на возрасни во развојот на стандардите на квалификации од став 1 на овој член се пропишани со Протоколот за соработка помеѓу Бирото за развој на образованието, Центарот за стручно образование и обука и Центарот за образование на возрасни.

**Се додава Член 5а**

(1) Бирото за развој на образованиеторазвива образовни програми за задолжително основно образование, вклучувајќи гиуметничкото образование,образованиетона ученици со посебни потреби и гимназиското образование во согласност со соодветниот стандард на квалификација од Регистарот на МРК.
(2) Бирото за развој на образованието заедно со Центарот за стручно образование и обука развива образовни програми за средно стручно образование во согласност со соодветниот стандард на квалификација од Регистарот на МРК.
(3) Соработката помеѓу Бирото за развој на образование, Центарот за стручно образование и обука и Центарот за образование на возрасни во развојот на стандардите на образовните програми од став 1 и 2 на овој член се пропишани со Протоколот за соработка помеѓу Бирото за развој на образованието, Центарот за стручно образование и обука и Центарот за образование на возрасни.

## III. СТРУЧНО ОБРАЗОВАНИЕ И ОБУКА

### Препораки за ревидирање на постојното законодавство

Стручното образование и обука е регулирано со Законот за стручно образование и обука беше во сила пред донесувањето на Законот за НРК, и оттука не е во согласност  со МРК. Тој треба да се ревидира, особено во делот на уредување на процедурите за вклучување на соодветните квалификации во МРК.  Во ова поглавје се дадени предлози за одредени терминолошки усогласувања и фокусот е ставен на конкретни процедурални и институционални измени на Законот за СОО, а во согласност со Законот за НРК и мали измени на Законот за НРК.

### Терминолошко усогласување

Следниве термини се користат наизменично: „образовна програма“ и „наставна програма“ и двата вклучуваат наставен план и програма заедно со испитна програма.   Терминот „образовна програма“ е воведен со Законот за НРК, но според некои, не е широко прифатен од поширока група на засегнати страни.   Сепак, предлагаме постојното законодавство да се ревидира со усогласување на терминологијата со Законот за НРК од тој аспект. Сметаме дека не станува збор само за терминолошко усогласување, туку и за концептуална промена кон пристапврз основа нарезултати од учењето.

Понатаму, во Законот за стручно образование и обука се дефинирани „стандарди на занимања", но не и „стандарди на квалификации", додека во Законот за НРК ситуацијата е обратна.   Поконкретно, се воведува концептот на стандарди на квалификации како стандарди за квалитет кои служат како основа за развој и оценување на образовните програми, кои водат кон стекнување на квалификација.

**Постојното законодавство треба да се ревидира со усогласување на терминологијата и концептите со Законот за НРК.**

## Процедури за вклучување на квалификациите во МРК

Со цел да се обезбеди соодветна конзистентност помеѓу Законот за стручно образование и обука и Законот за НРК и да се осигури непречено вклучување на квалификациите за стручно образование и обука во МРК, треба да се направат законски измени на двата закона. Законот за НРК воведува процедура од три чекори за финално вклучување на квалификациите за стручно образование и обука во МРК. Сепак, овие процедури треба да бидат дополнително разработени земајќи предвид три чекори: (1) донесување на стандарди на занимања, (2) донесување на стандарди на квалификации и, конечно, (3) донесување на образовни програми програми за стручно образование и обука кои водат кон стекнување на квалификациите вклучени во Регистарот на МРК во согласност со донесените стандарди.

## ПРЕОДНИ ОДРЕДБИ

Согласно со Законот за НРК, секторските комисии за квалификации ги оценуваат стандардите на квалификации (и стандардите на занимања). Сепак, треба да се земат предвид предизвиците поврзани со воспоставување и функционирањето на Секторските комисии за квалификации. Затоа, се додека тие не се формираат, треба да се применуваат постојните процедури за развој и донесување на стандарди на занимања и соодветните програми за стручно образование и обука. Сепак, препораката од експертите е дека само оние стандарди на квалификации кои се оценети од страна на Секторските комисии за квалификации и одобрени од страна на Националниот одбор за МРК може да бидат вклучени во Регистарот на МРК. Оваа препорака го зема предвид реформскиот карактер на квалификациите кои влегуваат во Регистарот на МРК, процесот на реформирање на МРК и оправданоста за користење на ЕУ фондовите во иднина за спроведување на реформи во областите на образованието и квалификациите.

**ЗАКЛУЧОЦИ ЗА ВКЛУЧУВАЊЕ НА КВАЛИФИКАЦИИТЕ И ПРОГРАМИТЕ ОД СРЕДНО СТРУЧНО ОБРАЗОВАНИЕ ВО РЕГИСТАРОТ НА МРК**

Стандарди на занимања може да бидатразвиени од било којазасегната страна, според усвоената методологија на Националниот одбор за МРК. Развивањето на стандарди на занимања може да биде иницирано од Министерството за труд и социјална политика, здруженијатана работодавачи и коморите.

Центарот за стручно образование и обука (ЦСОО) развива стандарди на занимања кои се важни за развојот на човечкиот капитал на Македонија. Развивањето на стандардите на занимања од страна на ЦСОО го иницира Министерството за образование и наука.

Стандардите на занимања се вреднуваат / евалуираат од Секторските комисии за квалификации и се усвојуваат од страна на Министерството за труд и социјалан политика по добиено позитивно мислење од Секторските комисии за квалификации.

Регистарот на одобрени стандарди на занимања го води Министерството за труд и социјална политика, а ЦСООредовно го дополнува.

Стандардите на занимања служат како основа за развој на стандардите на

квалификации во стручното образование и обука кои ги заменуваат стандардите за образовните профили.

Методологијата за развој на стандарди на квалификации ја усвојува Националниот одбор за МРК .

Стандардите на квалификации во стручното образование и обука ги развиваат ЦСОО и БРО (и ЦОВ по потреба) според Протоколот за соработка помеѓу ЦСОО, Бирото за развој на образованието и Центарот за образование на возрасни.

Други засегнати страни (како на пример, училиштата) можат исто така да развијат стандарди на квалификации за СОО.

Развивањето на стандардите на квалификации од страна на ЦСОО го иницира Министерството за образование и наука.

Стандардите на квалификации ги вреднуваат / евалуираат секторските комисии за квалификации и се усвојуваат од Националниот одбор за МРК, по добиено позитивно мислење од Секторските комисии за квалификации.

Стандардите на квалификации за СОО, вклучени во Регистарот на МРК служат како основа за развивање на програмите за стручно образование и обука и за програмите за формалното и неформалното образование на возрасни.

ЦСОО и БРО ги развиваат програмите за стручното образование и обука врз основа на стандардите на квалификации од Регистарот на МРК, според Протоколот за соработка помеѓу ЦСОО, Бирото за развој на образованието и Центарот за образование на возрасни.

Оценувањето на усогласеноста на програмите за стручно образование и обукасо стандардите на квалификации за стручно образование и обука од Регистарот на МРК и стандардите на занимања го вршатСекторските комисии за квалификации.

Образовните програми за стручно образование и обука ги усвојува Министерството за образование и наука по добиено позитивно мислење од Секторските комисии за квалификации.

Преоден период:

Образовните програми за стручно образование и обукадо воспоставување на Секторските комисии за квалификациисе одобруваат според постоечките процедури.

Улогата на Советот за стручно образование и обука за вреднување на стандардите на занимања и стандардите на квалификации по формирањето на Секторските комисии за квалификации, ќе престане.

## СТАНДАРДИ НА ЗАНИМАЊА

Со оглед дека стандардите на занимања се предуслов за развивањеи одобрување на стандардите на квалификации, треба да се дефинираатинституциите кои се одговорни за нивниотразвој. Во спротивно, постои ризик процесот на реформирање на квалификациите за стручно образование и обука да биде блокиран од самиот почеток.

Во моментов, во согласност со Законот за стручно образование и обука, единствено ЦСОО, со поддршка од Советот за стручно образование и обука, развива стандарди на занимања кои ги усвојуваМинистерството за труд и социјална политика,по претходно дадено позитивно мислење од страна на Министерството за образование и наука. Ова се прави, главно, врз основа на Методологијата за развој на стандарди на занимања, изготвена во рамките на проектот Вештини за работа (Skills@Work) што беше спроведен од страна на Британскиот совет, во соработка со Центарот за стручно образование и обука во 2009 година. Сепак, процедурите за поднесување, оценување и донесување на стандардите, како и законски задолжителните критериуми не се детално уредени со законодавството, ниту пак е утврдена врската меѓу стандардите на занимања и стандардите на квалификации, како што едефинираносо Законот за НРК.

Предложената процедура за развивање, оценување и донесување на стандарди на занимања бара силна координација со Министерството за труд и социјална политика и подобрување на капацитетите за управување со Регистарот на стандарди на занимања. Ова би можело да се предвиди во рамките на еден друг проект што би го водел Министерството за труд и социјална политика (заедно со Агенцијата за вработување).

Развивањетона стандарди на занимања, за оние занимања кои се идентификувани како занимања коишто се очекува да ја зајакнат економијата и економскиот развој, може да биде во делокругот на можниот проект што би го водело Министерството за труд и социјална политика. Ова би значело дека Министерството за труд и социјална политика значително ќе ги исполни своите задачи предвидени со Законот за НРК.

Стандардите на занимања треба постојано да се ажурираат, бидејќи тие ги одразуваат постојаните економски и технички промени во општеството, и треба да одговорат на променливите барања за вештини на пазарот на трудот. Се препорачува во законската регулатива да се утврди јасна врска помеѓу пазарот на трудот и образованието, со одредба дека е неопходно да се утврди датумот на истекување на секој стандард на занимање и да се поврзе со соодветниот стандард на квалификација (еден или повеќе)од Регистарот на МРК. Потребно е да се направи истражување на потребите на пазарот на трудот во однос на компетенциите потребни за одредени занимања. Ова треба да се направи според стандардизирана методологија и да резултира со стандардизирана форма на стандарди на занимања.

**Препорака на експертите е во Законот за НРК да се пропише дека стандардите на занимања треба да се развиваат во согласност со Методологијата донесена од страна на Националниот одбор за МРК, да бидат на иницијатива од правно или физичко лице до Министерството за образование и наука (Одделение за НРК), да бидат оценети од страна на Секторските комисии за квалификации и усвоени од**

**страна на Министерството за труд и социјална политика. Од друга страна пак, би можело да се пропише, поопшто, во Законот за НРК дека Националниот одбор за МРК донесува методолошки документи за развој на стандарди на занимања и стандарди на квалификации.**

**Истата процедура како што е регулирана во моментов со Законот за стручно образование и обука треба соодветно да се ревидираи во преодните одредби да се пропише дека по формирањето на Секторските комисии за квалификации, улогата на Советот за стручно образование и обука за вреднување на стандардите на занимања и стандардите на квалификации ќе престане.**

## СТАНДАРДИ НА КВАЛИФИКАЦИИ

Секое правно или физичко лице може да развие и да достави стандарди на квалификации. Сепак, врз основа на Член 13 од Законот за НРК, Центарот за стручно образование и обука (заедно со Центарот за образование на возрасни и Бирото за развој на образованието) е надлежен за развивањена квалификации од ниво I до ниво V-Б.

Поради фактот дека учеството на овие центри е од клучно значење за развивањена стандарди на квалификација, се предлага тие да работат заедно на развивањена стандарди на квалификации и таквата соработка да биде регулирана со соодветните закони и дополнително пропишана во форма на подзаконски акт, протокол.

Оттука, стандардите на квалификации во стручното образование и обука треба да бидат заеднички развиени од страна на Центарот за стручно образование и обука, Бирото за развој на образованието и Центарот за образование на возрасни, по потреба ида бидат доставени до Секторските комисии за квалификации (преку Одделението за НРК). Оттука, потребно е во Законот за стручно образование и обука да се воведат одредби за регулирање на заедничкото поднесување на стандардите на квалификации за стручно образование и обука од страна на Центарот за стручно образование и обука и Бирото за развој на образованието, бидејќи Бирото е надлежно за основно образование, гимназиско образование и општиот дел на стручното образование и обука, а Центарот за стручно образование и обука е надлежен за делот на стручното образование и обука, особено за стручно-теоретскиот дел и практичната обука. Поради тоа се препорачува да се зајакне меѓусебната соработка на споменатите тела.

Како што е пропишано со Законот за НРК, Секторските комисии за квалификации ги оценуваат стандардите на квалификации, оценуваат дали тие стандарди на квалификации се во согласност со описите на резултатите од учењето од МРК. Сепак, Законот за НРК не пропишува дека секторските комисии за квалификациија оценуваат усогласеноста на пропишаните стандарди на квалификации со соодветните стандарди на занимања. Тие ги предлагаат за усвојувањедо Националниот одбор за МРК. Националниот одбор за МРК донесува конечна одлука за вклучувањето на стандардите на квалификации за стручно образование и обука во Регистарот на МРК. За соодветност и транспарентност на процедурата,во посебен правилник за регулирање на работата на Националниот одбор за МРК и на Секторските комисии за квалификациитреба да се пропишат критериуми за

оценување на усогласеноста со МРК,вклучувајќи усогласеност со описите нарезултатите од учењето  Правилникот го донесува Националниот одбор за МРК.

Ниво V, под-ниво V-Б (постсредно образование - специјалистичко образование и мајсторство) и понатаму да бидат под заедничка надлежност на Центарот за стручно образование и обука и Занаетчиската комора.  Центарот за стручно образование и обука е одговорен за специјалистичкото образование, додека Занаетчиската комора е одговорна за квалификацијата *Мајстор* со што се прави исклучок од редовната процедура.  Истата методологија и критериуми за оценување треба да се применуваат во процесот на вклучување на овие квалификации во МРК.  Ова треба да се ревидира во Законот за НРК.

**Препорака од експертите е критериумите за оценување на усогласеноста со МРК да се регулираат со посебен Правилник за регулирање на работата на Националниот одбор за МРК и секторските комисии за квалификации што го донесуваНационалниот одбор за МРК .  Во Законот за НРК веќе постои одредба за изготвувањена таков Правилник.**

**Во Законот за НРК треба да бидат воведени конкретни одредби за стандардите на квалификации на ниво V, под-ниво V-Б (постсредно образование - специјалистичко образование и мајсторство), кои се во надлежност на Занаетчиската комора (квалификација за *Мајстор*).  Иако треба да се предвиди исклучок од редовната процедура, истата методологија и критериуми за оценување треба да се применатво процесот на вклучување на овие квалификации во МРК.**

## ОБРАЗОВНИ ПРОГРАМИ

Во согласност со Законот за стручно образование и обука,Член 23, стручното образование и обука се состои од општо образование, стручно и теоретско образование и практична обука.  Процедурите поврзани со одобрувањето на образовните програми се дел од постојните законски акти коишто треба да се усогласат со Законот за Националната рамка на квалификации.

Усвоениот стандард за квалификации, преставува основа за развивањеи оценување на каков било вид на програми, образовни програми, програми за стручно образование и обука или програми за обука, без оглед дали тие програми се нудат во рамките на редовниот систем на СОО, или надвор од училишниот систем и во рамките на образованието на возрасните.  Законската и институционалната надлежност воразвивањетои оценувањето на образовните програми треба да остане непроменета. Сепак, потребна е ревизија на легислативата со цел да гоотсликува постоењето на НРК како законскаиобврзувачкапрепорака во развивањето, оценувањето и усвојувањето на образовните програми.

Конкретно, се препорачува во Законот за стручното образование и обука да се воведе одредба за заедничка работа на Центарот за стручно образование и обука и Бирото за развој на образованието при развивањетона образовните програми за стручно образование и обука коишто се во согласност со стандардите на квалификации.  Понатаму, таквата соработка и надлежност во процедурите за развивање на образовните програми

(наставни планови, наставни програми, испитни планови и програми) треба да се вметне во Протоколот за соработка помеѓу Центарот за СОО, Бирото за развој на образованието и Центарот за образование на возрасните и да се воведе Протоколот со Законот за Националната рамка на квалификации како законски обврзувачки документ.

## НАДЛЕЖНОСТИ НА ЦЕНТАРОТ ЗА СОО И НА СОВЕТОТ ЗА СОО

Со Законот за СОО, меѓу другото, се регулира работата на Центарот за СОО. Како последица на концептуалните и процедуралните промени, треба да се направат неколку измени во овој Член во којшто се пропишани надлежностите на Центарот за стручно образование и обука.

Како што е пропишано во моментов, Центарот за стручно образование и обука „предлага стандарди за образовни профили и профили по струки“.  Наместо тоа, Центарот за стручно образование и обука треба да развива и предлага стандарди на занимања и стандарди на квалификации.

Иако нема ексклузивно праводa предлага стандарди на занимања и стандарди на квалификации, Центарот за стручно образование и обука треба да биде законски обврзан да ги развива и да ги предлага оние стандарди кои се потребни за да се спроведат реформите во образовнитепрограми за средно стручно образование и обука.

Притоа, потребна е цврста соработка со Бирото за развој на образованието, како и со Центарот за образование на возрасните.  Таквата соработка треба да биде законски обврзувачка и регулирана со релевантните закони и уредена со Протокол за соработка.

Советот за стручно образование и обука е советодавно тело на Центарот за стручно образование и обука.  Тој треба да ја задржи својата советодавна улога во Центарот за стручно образование и обука во процесот на оценување на стандардите на занимања и стандардите на квалификации кога Центарот за стручно образование и обука е институција којашто развива и предлага стандарди. Во спротивно неговата улога во овие процеси престанува. Оваа измена треба да се рефлектира во ревидирањето на Законот за стручно образование и обука.

**Концептот на профили по струки треба да се замени со стандарди на занимања.**

**Во надлежностите на Центарот за стручно образование и обука, треба да се направи поврзување со Законот за НРК со кое ќе се уреди улогата на Центарот за стручно образование и обука во развивањетои предлагањето на стандарди на занимање и стандарди на квалификации, како и на стручни и образовни програми.**

**Соработката на Центарот за стручно образование и обука со други институции треба да вклучува соработка на Центарот за стручно образование и обука со Секторските комисии за квалификации и Националниот одбор за македонската рамка на квалификации.**

**Во Законот за СОО треба да се воведе соработка со Бирото за развој на образованието и Центарот за образование на возрасните во развивањетона**

**стандарди на квалификации и образовани програми и дополнително да се уреди во Протокол за соработка кој треба да биде регулиран со Законот за стручно образование и обука.**

## ПОСТСРЕДНО ОБРАЗОВАНИЕ

Во Член 26 од Законот за СОО, во став 3 е утврдено дека установа за постсредно образование и обука „мора да има донесено наставни планови и програми за постсредно образование и обука“.  Понатаму, во Член 29 се споменуваат „наставните планови и програми“ за постсредно образование и обука и е пропишано дека тоа се изведува според наставни планови и програми кои се модуларно изготвени.  Сепак, во овој дел на стручното образование и обука, нема одредба дека тоа треба да биде во согласност со стандардите на занимања и/или стандардите на квалификации (и резултатите од учењето) од Регистарот на МРК.

**Се препорачува во Законот за стручно образование и обука, во членовите што се однесуваат на постсредното образование и обука да се направат измени во одредбите, дека образовните програми треба да се засновани на соодветните стандарди на квалификација и се опишани преку резултатите од учењето.**

## ПРЕОДНИ ОДРЕДБИ

Согласно со Законот за НРК, Секторските комисии за квалификации ги оценуваат / евалуираат стандардите на квалификации (и стандардите на занимања). Сепак, треба да се земат предвид предизвиците во однос на воспоставување и функционирањена Секторските комисии за квалификации. Затоа, се додека тие не се воспостават, треба да се применуваат постојните процедури за развој и донесување на стандарди на занимања и соодветните програми за стручно образование и обука. Сепак, препораката од експертите е дека само оние стандарди на квалификации кои се оценети/ евалуираниод страна на Секторските комисии за квалификации и одобрени од страна на Националниот одбор за МРК можатда влезат во Регистарот на МРК. Оваа препорака го потенцира обврзувачкиот карактер на квалификациите кои ќе влезат воРегистарот на МРК. Исто така, оваа препорака се однесува напроцесот на реформирање на МРК и оправданоста за користење на фондовите на ЕУ во иднина за спроведување на реформи во образованието и квалификациите.По формирањето на Секторските комисии за квалификации, улогата на Советот за стручно образование и обука за вреднување на стандардите на занимања и стандардите на квалификации ќе престане.

## ЗАВРШНИ ЗАБЕЛЕШКИ

Постојните одредби од Член 21 од Законот за НРК (Член 21 став 1-2) даваат само основни идеи за постапката за запишување на квалификации во Регистарот.  Затоа, потребно е да се подготват најмалку три групи на методологии и процедури и тие да бидат законски

обврзувачки: Методологија за развивање/ оценување на стандарди на занимања, Методологија за развивање/оценување на стандардите за квалификации и Методологија за развивање/оценување на образовните програми.

Методологиите за развивање/оценување на стандардите на квалификации и програми треба, меѓу другото, да дефинираат критериуми за оправданостда сеподнесе предлог за нивно вклучување во Регистарот на МРК. Треба да се одлучи дали подносителот на барањето треба само да изрази (оправдана) потреба за одредена квалификација да биде додадена во системот, или дали е потребно да се обезбеди подетална анализа на социјалните и економските придобивки од новата квалификација (поддржана со мислењата на други засегнати страни од секторот). Во секој случај, информациите доставени со предлогот треба да бидат доволно конкретни за Секторските комисии за квалификации за да дадат мислење засновано на докази и за Националниот одбор за МРК да донесе одлука за барањето.

Понатаму, посебно во областа на развој на методологија за адаптирање на постоечките квалификации според барањата на МРК и ЕРК, се предлага терминот „хармонизација“ (кој се среќава во одредбите кои ја регулираат работата на Националниот одбор на МРК, во член 16 од Законот за МРК) да се промени со терминот „адаптација’.

Понатаму, во нацрт методологијата за адаптирање на постоечките квалификации според барањата на МРК и ЕРКсе предлага терминот „хармонизација“ (кој се среќава во одредбите кои ја регулираат работата на Националниот одбор на МРК, во член 16 од Законот за МРК) да се промени со терминот „адаптација’. Со ова му се дава улога на Националниот одбор за МРК да одлучи кои квалификации стекнати во Македонија ќе се адаптираат според барањата на МРК и врз основа на кои критериуми ќе се селектираат. Исто така, Националниот одбор на МРК ќе одлучи кои институции ќе бидат одговорни за адаптирање на избраните квалификации.

## Нацрт законски акти за ревидирање на постојното законодавство

### *Закон за стручно образование и обука*

**Додавање на дополнителен Член**

Терминот „наставен плани програма“ се заменуваат со терминот „образовна програма“ во целиот текст.

**Измена на Член 2**

Член 2 се менува со вметнување на следниве дефиниции од Законот за НРК и горенаведената нова дефиниција за стандард на квалификации:

1. „Националната рамка на квалификации (НРК)“ е инструмент за воспоставување на систем на квалификации стекнати во одредена земја, со кој се дава основа за стекнување на квалификации, проодност и квалитет на квалификациите.
2. „Македонска рамка на квалификации (МРК)“ е задолжителен национален стандард со кој се уредува стекнувањето и користењето на квалификациите во Република Македонија и инструмент за воспоставување на систем на квалификации стекнати во Република Македонија со кои се даваат основите за прегледност, пристап, проодност, стекнување и квалитет на квалификациите.
3. „Европската рамка на квалификации (ЕРК)“ (European Qualifications Framework, EQF) претставува заедничка референтна рамка која ги поврзува системите на квалификации во различните земји и претставува инструмент за препознавање и разбирање на квалификациите.
4. „Вештина“ е способност за примена на знаењето, извршување на задачите и решавање на проблеми. Вештините се опишани како когнитивни (вклучување на употреба на логичко, креативно и интуитивно мислење) и практични (мануелна работа и употреба на методи, инструменти, алати и материјали).
5. „Знаење“ е збир на стекнати и систематизирани информации, односно збир на теоретски и фактички информации.
6. „Доживотно учење“ е активност на формално, неформално или информално учење во текот на целиот живот со цел подобрување на знаењето, вештините и компетенциите за лични професионални или општествени потреби.
7. „Институција“ е установа или друга институција која е верифицирана/ акредитирана да образува, обучува и оценува учесници кои се стекнуваат со квалификации. Институциите нудат формални и неформални програми кои водат до квалификации и издаваат јавни исправи за истите.
8. „Квалификација“ е формален резултат од процесот на оценување и потврдување што е стекната кога одговорна институција потврдува дека поединецот ги има постигнато резултатите од учењето согласно со утврдени стандарди.
9. „Компетенции“ се збир на стекнатото знаење и вештини, односно докажана способност за користење на знаењето и вештините во ситуации на учење или на работа.
10. „Клучни компетенции“ се збир на компетенции на одредено ниво, потребни за задоволување на личните, општествените или професионалните потреби на поединецот во процесот на доживотното учење. Постојат осум клучни компетенции: комуникација на мајчиниот јазик, комуникација на странски јазик, математичко-техничка и научна компетенција, граѓанска свесност, информатичка технологија, претприемчивост, учење како да се учи и културно изразување.
11. „Нивоа на рамката“ е серија на последователни чекори на учење изразени во однос на низа општи резултати, структурирани според збир на описи/дескриптори.

12. „Описи на квалификации“ се мерливи показатели за резултатите од учење кои се однесуваат на стекнатите знаења, вештини и компетенции.

13. „Оценување“ е процес на вреднување на знаењето, вештините и компетенциите според претходно дефинирани критериуми и резултати на учење, кое вклучува писмени, усни и практични тестови, испити, проекти и портфолио.

14. „Резултати од учење“ се изјави за тоа што знае, што разбира и што може да прави учесникот, како резултат на формалниот, неформалниот или информалниот процес на учење. Резултатите од учење се дефинираат во смисла на знаења, вештини и компетенции (самостојност и одговорност).

15. „Програма (образовна/студиска)“ е збир на образовни компоненти, засновани на резултатите од учењето, кои се признаваат за доделување на конкретна квалификација.

16. „Стандард на квалификација“ е содржина и структура на дадена квалификација. Тој ги вклучува сите податоци за утврдување на нивото, обемот и профилот, како и податоците што се потребни за осигурување и промовирање на висок квалитет на квалификацијата.

**Измени на Член7 (за улогата на Министерството за образование и наука)**

**Став 1, алинеја 5 се менуваат/ заменуваат како што следува:**

- Усвојува образовни програми за стручно образование и обука (СОО) и образованието на возрасни, врз основа на позитивното мислење од Секторските комисии за квалификации за усогласеноста на програмите со одредениот стандард на квалификациии од Регистарот на МРК и стандардот на занимања.

**Став 1, алинеја 9 се брише:**

- Врз основа на предлог на центарот, а со претходно позитивно мислење од Советот за стручно образование и обука, усвојува стандарди за образовни и секоторски профили.

**Измени на Член 8 (за улогата на Министерството за труди социјална политика)**

**Став 1, алинеја 3се менува како што следува:**

- иницира, самостојно или во соработка со Центарот за СОО и/или здружението на работодавачи и коморите, развој на стандарди на занимања со користење на Методологијата пропишана со Законот за НРК и усвоена од Националниот одбор за МРК.

**Став 1, алинеја 5 се менува како што следува:**

- ги донесува стандардите на занимања, по претходно позитивно мислење од Секторските комисии за квалификации.

**Измени на Член 9 (за улогата на Советот за СОО)**

Член 9 се брише.

**Член 11 (за улогата на коморите)**

Член 9 треба да се измени со бришење на следниве алинеи:

- дава совети и мислење до Центарот за СОО за развој на стандарди на занимања
- доставуваат предлози до Центарот за развој на нови стандарди на занимања,

**и со вметнување на следнава алинеја:**

- развиваат стандарди на занимања и стандарди на квалификации, во согласност со Методологијата пропишана со Законот за НРК, како основа за развој на образовни програми.

**Измени на Член 29 (постсредно образование и обука)**

Член 29 треба да се измени со воведување на нов став како што следува:

- Програмите од став 1 од овој член се развиваат и оценуваат во согласност со соодветните стандарди на квалификации од Регистарот на МРК.
-
- **Став 2 се менува, како што следи:**

Образовните програми за специјалистичко образование од параграф 1 од овој Член се предлагаат од Центарот за стручно образование и обука, а се усвојуваат од Министерот за образование и наука, врз основа на претходно добиено позитивно мислење од Секторските комисии за квалификации за усогласеноста со соодветниотстандардот на квалификација од Регистарот на МРК.

**Измена на Член 32 (активности на Центарот за СОО)**

**со бришење на следниве алинеи:**

- изготвува стандарди на занимања, како основа за изработка на наставните планови и програми,
- изготвува и предлага Листа на стандарди за занимања за стручното образование и обука,
- предлага стандарди за образовни профили и стандарди за струки.**и со вметнување на следниве алинеи:**
- развива стандарди на занимања, според методологијата пропишана со Законот за НРК и одобрена од страна на Националиот одбор за МРК,

- Го води Регистарот на стандарди на занимања, одобрен од Министерството за труд и социјална политика и го објавува на својата интернет страна,
- развива стандарди на квалификации во согласност со соодветните стандарди на занимања,
- развива образовни програми за сите типови и нивоа на стручно образование и обука.

**Се вметнува нов Член 32-а:**

(1) Во согласност со Член 13 од Законот за НРК, Центарот за стручно образование и обука, заедно со Бирото за развој на образованието и Центарот за образование на возрасни, е надлежен за развивањена стандарди на квалификации од ниво I до ниво V-Б.

(2) Центарот за стручно образование и обука развива стандарди на занимања во согласност со своите надлежности пропишани во Член 32 од Законот.

(3) Центарот за стручно образование и обука, заедно со Бирото за развој на образованието, развива стандарди на квалификации за средно стручно образование и обука за ниво II, III и IV од МРК.

(4) Соработката меѓу Центарот за стручно образование и обука и Бирото за развој на образованието при развојот на стандардите на квалификации од став 1 од овој член, е пропишана со Протокол за соработка меѓу Бирото за развој на образованието, Центарот за стручно образование и обука и Центарот за образование на возрасни.

**Се вметнува нов Член 32-б:**

(1) Центарот за стручно образование и обука, заедно со Бирото за развој на образованието, развива образовни програми за средно стручно образование и обука во согласност со соодветните стандарди на квалификации од Регистарот на МРК.
(2) Соработката меѓу Центарот за стручно образование и обука и Бирото за развој на образованието при развивањето на стандардите на квалификации од став 1 од овој член, е пропишана со Протокол за соработка меѓу Бирото за развој на образованието, Центарот стручно образование и обука и Центарот за образование на возрасни.

**Измена на Член 33 (активности на Центарот за СОО)**

Член 33 се менува со додавање на нови алинеи:

- Секторски комисии за квалификации
- Национален одбор за Македонска рамка на квалификации
- Центар за образование на возрасни.

**Се додава преодна одредба:**

(1) Овој закон стапува во сила кога ќе се основаат Секторските комисии за квалификации.

(2) По формирањето на Секторските комисии за квалификации, улогата на Советот за стручно образование и обука за вреднување на стандардите на занимања и стандардите на квалификации ќе престане.

## Закон за Националната рамка за квалификации

**Измена на Член 6 (стандарди)**

Член 6 се менува со вметнување на нова алинеа, по втората алинеа:

- поврзување со стандардите за занимања, каде е предвидено.

**Измена на Член 13 (надлежност за нивоа на квалификации)**

Со додавање на нов став, како што следува:

- да се потпишеПротокол за соработка меѓу Центарот за СОО, Бирото за развој на образованието и Центарот за образование на возрасни со кој се уредуваатнадлежностите воразвивањето и усвојувањето настандардите на квалификации и образовните програми.

**Измена на Член 16 (Одбор за МРК):**

со замена на одредбата за „хармонизација на постоечките квалификации со Македонската рамка на квалификации“, со одредбата “адаптирање/ на постоечките квалификации со барањата на МРК.“

со додавање на нова алинеа во став 9:

- развива и усвојуваметодологија за развој на стандарди на занимања и стандарди на квалификации.

  - вредува/евалуира и усвојува стандарди на квалификација за основно образование и стандарди на квалификација за средно образование (гимназиско, уметничко средно образование) и образование за ученици со посебни потреби.

- усвојува стандард на квалификацијаза образовните програмиво стручното образование и за програмите за образование на возрасни кои се развиваат врз основа на стандардите на занимања и со позитивно мислење на Секторските комисии за квалификации.

- Усвојува стандарди на квалификации во високото образование, по добиеното позитивно мислење од Одборотза акредитација и евалуација во високото образование.

- Ја оценува усогласеноста на програмите за основно образование, програмите за основно образование на возрасни и програмите за средно образование (гимназиско образование и уметничко) и за учениците со посебни потреби, со соодветните стандарди за квалификации и даде свое мислење до Министерството за образование.

**Измена на Член 17 (Министерство за образование и наука):**

Со бришење на прватаалинеја востав 2:

- дава насоки за развој на стандардите за квалификации,

и со додавање на нова алинеја::

- усвојува образовни програми кои се во согласност со стандардите на квалификации од Регистарот на МРК, врз основа на позитивното мислење на Секторските комисии за квалификации, а во согласност со законите за основно образование, средно образование и стручно образование и обука.

**Измена на Член 19 (Надлежности на Секторските комисии за квалификации)**

со додавање на новиалинеиа:

- ги оценуваат стандардите на занимања врз база на критериумите пропишани со Правилникот од член 16 од овој Закон и методологијата усвоена од Националниот одбор за МРК и доставуваат мислење до Министерството за труд и социјална политика
- ги оценуваат стандардите на квалификации врз основа на критериумите пропишани со Правилникот од член 16 од овој Закон и методологијата усвоена од Националниот одбор за МРК и доставуваат мислење до Националниот одбор за МРК , кој ги усвојува.
- ги оценуваат, каде е соодветно,образовните програмиврз основа на стандардите на квалификации од Регистарот на МРК и доставуваат мислење до Министерството за образование и наука, кое ги усвојува.

Со заменување на следнава алинеја:

- даваат мислење за усогласеноста на стандардите на занимања/стандардите на квалификации со испитните програми,

со следнава алинеја:

- даваат мислење за усогласеноста на образовните програмисо стандардите на занимања/стандардите на квалификации од Регистарот на мРК. .

**Измена на Член 23 (Осигурување на квалитет)**

со додавање на нова алинеја:

- методологии за развој на стандарди на занимања и стандарди на квалификации и образовни програми на сите нивоа.

**Измена на Член 24 (Преодни и завршни одредби):**

Во Член24 се додава нов став:

- Постојните процедури за усвојување на програмите ќе продолжат да се применуваат до формирањето на Секторските комисии за квалификации како надлежни тела за оценување на стандардите на занимања и стандардите на квалификации.

## IV. ОБРАЗОВАНИЕ НА ВОЗРАСНИТЕ

### Препораки за ревидирање на постојното законодавство

Постојното законодавство за образование на возрасни (ОВ) е донесено пред воведувањето на МРК како реформска алатка која, меѓу своите стратешки цели, треба да придонесе за развој на сеопфатен систем за осигурување на квалитет, којшто ги опфаќа сите нивоа на квалификации, како што е пропишано со Законот за НРК. Поради тоа, како што е предвидено со Твининг проектот, постојната законска регулатива за акредитација/верификација[1] на програми кои водат до квалификации кои се дел од МРК и кои се внесени во Регистарот на МРК, треба да се прилагодат во согласност со Законот за НРК и подзаконските акти кои е предвидено да се изготват во рамките на истиот проект. Во овој документ се дадени препораки за концептуални и терминолошки промени во постојната законска регулатива од една страна и за процедурални и институционални промени од друга страна. Конечно, иако развојот на системот за валидација на неформалното и информалното учење не се во фокусот на овој проект, поради фактот дека ова треба да биде во тесна врска со НРК, на крајот на во ова поглавје се дадени одредени препораки.

### Концептуални и терминолошки препораки

Анализата на постоечкото законодавство покажа дека прво, терминологијата пропишана со Законот за образование на возрасните треба да се усогласи со термините и концептите воведени со МРК. Усогласувањето вклучува ревизија на одредени постоечки дефиниции, пропишани во Член 2 од Законот за образование на возрасните и воведување на нови дефиниции.

Длабинската анализа на употребата на термините *формално, неформално и информално* заедно со *учење, образование или програми*, укажа на одредена конфузија која, според нашето мислење, би можела да се отстрани со воведувањето на дефинициите и / или описите на овие концепти и термини, и во законските документи и во заеднички поимник.

Истражувајќи ја теоретската позадина на овие концепти, можеме да видиме дека не постојат единствени, широко прифатени дефиниции. Затоа, кога предлагавме да се разгледаат и да се воведат дефиниции на овие концепти, баравме компромис меѓу

[1]Терминот „верификација“ во моментот се користи во легислативата за Законот за образование на возрасни. Беше сугерирано дека овој термин постепено ќе се заменува со терминот “акредитација’ такашто ќе се применува едиснтвена терминологија во сите нивоа на образование и систем на квалификации. Поради тоа, во овој документ во наративниот дел се користатдвата термина, додека во деловите каде се предлагаат измени на легислативата терминот „акредитација“ го заменува терминот “верификација’.

почитување на традицијата на земјата-и обидот да се направат овие концепти поразбирлива надвор од националниот контекст.

Во постојната литература, трите концепти, *формално, неформално и информално,* кога се работи за **учење** како процес за стекнување знаење, вештини и компетенции, се опишани од аспект до кој степен овој процес е организиран и структуриран или спонтан и искуствен. Формалното учење е учење што се одвива во една училница, под надзор и управуван од наставникот. Неформалното и информалното учење се однесуваат на процес на учење што се одвива надвор од училиштето каде неформалното е сепак организирано, додеканеформалното е сосема спонтано учење.

Кога зборуваме за (*формално/неформално*) **образование**, обично мислиме на одредена област на стратегии и политики. Формалното образование е дел од систем којшто е регулиран и нормиран со закони. Најчесто, но не исклучиво, тоа се однесува на редовниот образовен систем. Неформалното образование е организиран процес на настава и учење, но надвор од формалното образование и образовниот систем.

И, конечно, при дефинирањето на (*формална/неформална*) **програма**, обично ги разгледувавме процедурите за формализација на статусот на образовната програма, односно постапките за верификација или акредитација според системот за осигурување на квалитет. Програмите обично се сметаат за формални или неформални во зависност од тоа дали се одобрени од страна на надлежноодговорно тело овластено да акредитира/ верифицира образовни програми и соодветно на тоа, дали учениците се стекнуваат со јавна исправа за да ги докажат нивните вештини и знаења.

Како заклучок, важно е да се направи јасна разлика и да се поврзат концептите на *формално/неформално/информално* **учење, образование** и **програма** бидејќи тие се секогаш меѓусебно поврзани. На пример, неформално учење што се одвива во домот може да биде подеднакво дел од формалното образование (програма). Онлајн курсевите и е-учењето имаат карактер на неформално учење, но може да бидат легитимен дел од акредитирана формална програма и програма со која се добива диплома во рамките на формалниот образовен систем. Исто така, посета на музеј како вон-наставна активност може да придонесе кон информално учење на учениците запишани на традиционална формална образовна програма. Концептот на информално е поврзан само со учење, а не со образование или програми.

Сепак, постојат одредени специфики на македонската законска легислативакоја го признава постоењето на неформалното образование, кое е сепак регулирано, особено со Законот за образование на возрасните, како и постоењето на неформални програми за образование на возрасни (посебни програми за возрасни), кои биле верификувани од надлежен орган (Центарот за ОВ), врз основа на интерна регулатива на Центарот за ОВ. Формалните и неформалните програми за ОВ во Македонија се разликуваат врз основа на тоа дали се одобрени од страна на Министерот за образование или од страна на Центарот за ОВ,. без разлика дали учениците се екстерно оценетиили оценувањето го врши понудувачот на услуги и дали за стекнатите вештини, знаење и компетенции се добива јавна исправа (квалификација) или сертификат кој го издава понудувачот на услугата којшто нема правен статус на јавна исправа.

**Сметаме дека постоечката терминологија треба да се почитува, но дека дефинициите за *формално и неформално образование* треба да се ревидираат за да биде појасна разликата.**

**Се предлага да се воведат дефиниции за *формално, неформално* и *информално учење* како и дефиниции за *формални и неформални програми*.**

**По воведувањето на дефинициите за *формални и неформални програми за образование на возрасните,* нема да има потреба да постојат дефинициите за *јавно признати програми* и *посебни програми* бидејќи нивното значење се поклопува со значењето на формални и неформални програми.**

Понатаму во Член 3 од Законот за отворени граѓански универзитети за доживотно учење е дефинирано дека **формалното образование** на младите и возрасните вклучува основно образование за возрасни, средно образование за возрасни, стручно оспособување, стручно образование за занимања, техничко образование и постсредно образование за возрасни, преквалификација и доквалификација.

**Неформално образование** на младите и возрасните лица означува организирани процеси на учење насочени кон оспособување на младите и возрасните лица за работа, за различни социјални активности или личен развој согласно со Законот за образование на возрасните.

**Се препорачува Законот за образование на возрасните и Законот за отворени граѓански универзитети да содржат исти дефиниции за формално и неформално образование и учење.**

## Препораки за ревидирање на процедурите и надлежностите на институциите

### СТАНДАРДИ НА ЗАНИМАЊА И СТАНДАРДИ НА КВАЛИФИКАЦИИ

Се потврдува дека стандардите се потребни како основа за подготовка и оценување на програми за образование на возрасните кои ќе водат кон стекнување на квалификации кои се вклучени во МРК. Исто така, стандардите на занимања, кои веќе се користат како основа за развивање и оценување на програми, не обезбедуваат доволно информации ниту критериуми за оценување на програмите.

Затоа, треба да се воведат стандарди на квалификации како дополнителен чекор во постапката за оценување на програмите за образование на возрасни кои водат кон стекнување на квалификации кои се еквивалентни на оние квалификации кои се стекнуваатпо завршувањето на програмите во редовниот систем на стручно образование и обука и кои накрајот се вклучени во Регистарот на МРК. Стандардите на квалификации, усогласени со соодветните стандарди на занимања, треба да бидат основа за развивање и оценување на програмите за образование на возрасните. Оваа измена во методологијата

треба да се рефлектира во процедурите пропишани со Законот за образование на возрасните.

Согласно со Член 35 од Законот за образование на возрасни, Центарот за образование на возрасните подготвувастандарди на занимања како основа за развивање на програми за образование на возрасните. Со воведувањена стандардите за квалификации како основа за развивање и оценување на програмите за образование на возрасните и во согласност со можноста било кое правно или физичко лице да предложи стандарди на занимања и стандарди на квалификации, Центарот за образование на возрасните исто така треба да има можност да предлага стандарди на занимања и стандарди на квалификации. Стандардите на квалификации треба заеднички да се подготват од страна на Центарот за стручно образование и обука и Центарот за образование на возрасните, кога е тоа потребно(на пр. обучувач на обучувачи) и да се достават до Секторскатакомисија за квалификации (преку Одделението за НРК). Оваа соработка треба да биде пропишана со Протоколза соработка помеѓу овие две институции[2].

## ФОРМАЛНИ И НЕФОРМАЛНИ (ПОСЕБНИ) ПРОГРАМИ ЗА ВОЗРАСНИ

Придобивката од вклучувањето на квалификациите во МРК стекнатипо завршувањето на програмите за образование на возрасните е двојна.

Најпрво, процедурата за акредитација/верификација на формалните образовни програми, кои се во надлежност на Министерството за образование и наука, треба да се пропишат и да се усогласат со методологијата за одобрување на програми врз основа на соодветните стандарди на квалификации. Затоа, треба да се воведат одредби за акредитација/верификација на формалните програми за образование на возрасни (јавно признати програми). Овие програми, кои водат кон квалификации што се идентични со оние кои се реализираат во средните стручни училишта и што се регулирани со Законот за образование на возрасните, треба да бидат усогласенисо соодветните стандарди на квалификации кои ги евалуираат Секторските комисии за квалификации. Надлежноста во однос на акредитацијата на институциите за образование на возрасните, доколку тие реализираат формални програми за образование на возрасните, останува во рамките на Министерството.

Второ, постојната улога на Центарот за образование на возрасните за акредитација на неформалните програми за образование на возрасните треба да се задржи, но треба да се зајакне и да се ревидира во однос на методологиите и процедурите кои се подготвени и пропишани со МРК.

Затоа, со цел да се овозможи оценување на програмите за образование на возрасните во согласност со соодветниот стандард на квалификација од Регистарот на МРК, содржината на една програма за образование на возрасните, како што е предвидено со Член 19 од Законот за образование на возрасните, треба, меѓу другото, да ги содржи сите елементи

---

[2]Протокол за соработка помеѓу Бирото за развој на образованието, Центарот за стручно образовани и обука и Центарот за образование на возрасни за развој на стандарди на квалификации и развој на образовни програми.

кои се содржани во стандардот на квалификација, како што е пропишано во Законот за НРК.

Потребна е ревизија на Законот за образование на возрасните, како и на подзаконските акти со цел да се пропише законски обврзувачка процедура која би го опфаќала оценувањето на посебните програми за возрасни во однос на соодветните стандарди на квалификации.

Особено, процедурата за верификација на посебни програми за образование на возрасните (неформални програми), која е пропишана со интерен документ на Центарот за образование на возрасните (Правилник за начинот на верификација на посебни програми за образование на возрасните), треба да вклучува одредби за оценување на посебни програми за образование на возрасните во согласност со соодветниот стандард на квалификација од Регистарот на МРК.

Исто така, со цел да се надградат тие програми и да се зголеми нивниот квалитет и механизмите за осигурување на квалитетот, има предлог да се организира надворешно оценување на учениците кои ги завршиле тие програми, од страна на училиштата кои веќе се акредитирани за формални програми кои се во согласност со истиот стандард на квалификација од Регистарот на МРК.

На крајот, ако овие неформални програми се надворешно оценети и врз основа на стандардот на квалификација и, второ, ако учениците во образованието на возрасни се оценети од екстерна комисија, не гледаме причина зошто по завршувањето на овие програми да не се додели јавно признат документ.

Граѓаните очекуваат дека документите кои се издаваат по успешното завршување на образовните програми и добивањето на квалификациите се во согласност со стандардите од Регистарот на МРК и се поврзани сонивото одМРК.   Тоа треба еднакво да се применува на сите видови програми и на сите видови квалификации во МРК.

Затоа, одредбите кои гирегулираатсодржината и формата на јавниот документ кој сеиздавапо стекнувањена квалификацијата вклученаво МРК, треба соодветно да се ревидираат.   Поконкретно, тоа се однесува на „Правилникот за називот, содржината и формата на сертификатот за знаење, способности и компетенции стекнати од посебната програма за образование на возрасните“ донесен од страна на Министерот врз основа на Член 24 од Законот за образование на возрасните.

**Во Законот за образование на возрасните треба да се воведе Поглавје за НРК. Законот за образование на возрасните треба да го предвидува следното:**

**Стандардот на квалификација за основното образование треба да биде развиен заедно од Бирото за развој на образованието и Центарот за образование на возрасните и доставен до Националниот одбор за МРК .**

**Центарот за образование на возрасните е надлежен за развивање на нови програми за основно образование на возрасни во согласност со стандардот на квалификација за основно образование од Регистарот на МРК.**

**Усогласеноста на програмата за основно образование на возрасни со соодветниот стандард на квалификација треба да ја оцени надлежна комисија формирана од страна на Националниот одбор за МРК . Програмата треба да ја одобри Националниот одбор за МРК и ја донесува Министерот за образование и наука.**

**Стандардите на квалификации во стручното образование и обука треба заеднички да ги развијат Центарот за стручно образование и обука (Центарот за образование на возрасните, кога е потребно) и Бирото за развој на образованието, и да се достават до Секторската комисија за квалификации (преку одделението за НРК)**

**Протоколот за соработка на Центарот за стручно образование и обука и Центарот за образование на возрасните за развој на стандарди на занимање и стандарди на квалификации треба да се воведе како законско-обврзувачки.**

**Одредбите за верификација на формалните (јавно признати) програми за образование на возрасните треба да бидат пропишани ви Законот за стручно образование и обука и треба да се направи поврзување на истото во Законот за образование на возрасните.**

**Одредбите за верификација на неформалните програми (посебни програми за возрасни) треба да се ревидираат со цел да се примени новата методологија и процедурите како што се дадени во овие Препораки.**

**Елементите на програмите за образование на возрасните во Член 19 од Законот за образование на возрасните треба да бидат усогласени со елементите на стандардот на квалификација одЗаконот за НРК.**

**„Правилникот за називот, содржината и формата на сертификатот за знаење, способности и компетенци стекнати од посебните програми за образование на возрасните" треба да се ревидира со воведување на одредби за ставање на нивото одМРК водокументите кои се издаваат по завршување на програмите и стекнувањена квалификацијата која е во согласност со соодветниот стандард во Регистарот на МРК.**

**Преодните одредби треба да предвидуваат примена на постојните процедури за оние програми и квалификации кои ќе останат надвор од Регистарот на МРК.**

## СОВЕТ ЗА ОБРАЗОВАНИЕ НА ВОЗРАСНИТЕ

Со донесувањето на Законот за НРК се воведоа нови институции како што се Националниот одбор за МРК и Секторските комисии за квалификации. Овие институции презедоа одредени улоги и надлежности кои се предвидени за други институции во постојното законодавство. Затоа, се чини дека не е ниту разумно ниту економски оправдано да се задржат тела како што е Советот за образование на возрасните,

Исто така, согласно со Законот за образование на возрасните (Член 10), Советот за образование на возрасните, меѓу другото, предлага национални стандарди на квалификации и стандарди на занимања до Министерството.

Нашето мислење е дека тоа треба да го прави пооперативна институција, како што е Центарот за образование на возрасните во тесна соработка со Центарот за стручно образование и обука. Согласно со тоа, сметаме дека Протоколот за соработка помеѓу Центарот за образование на возрасните и Центарот за стручно образование и обука треба да биде во согласност со препорачаните измени во Законот за образование на возрасните и Законот за стручно образование и обука. Меѓутоа, овие нацрт препораки треба да бидат предмет на понатамошна дискусија со сите заинтересирани страни.

## ВАЛИДАЦИЈА НА НЕФОРМАЛНО И ИНФОРМАЛНО УЧЕЊЕ

Иако политиката за валидација на неформалното и информалното учење не е во фокусот на овој Твининг проект и истата е опфатена со други проекти кои истовремено се спроведуваат, таа е суштински поврзана со НРК и има важни правни импликации врз законодавството кое беше анализирано во рамките на овој проект. Затоа, тука се дадени некои најважни согледувања, како и препораки за развој на сеопфатен систем за валидација на неформалното и информалното учење.

Треба да се напомене дека преку анализата на законодавството извршена до сега, идентификувана е една цела низа на отворени прашања поврзани со неформалното и информалното учење, како и со валидација на таквото учење и истото е презентирано во Извештајот. Сметаме и претоставуваме дека овие отворени прашања ќе се разгледуваат во „Патоказот за развој на систем за валидација на неформалното и информалното учење“, со поддршка од Европската фондација за обука. Затоа наша препорака е експертите вклучени во овој процес да ги земат предвид релевантните одредби од Законот за НРК, како и концептите презентирани во овој документ.

Согласно со Законот за образование на возрасните, програмите се однесуваат на јавно признати (формални) и посебни (неформални) програми. Програмите за валидација не се експлицитно споменати, но Член 23 став 1-2 од Законот за образование на возрасните предвидува дека „Возрасните своите знаење, вештини и способности, независно од начинот на кој се стекнати, можат да ги докажат со полагање на испити. Испитите ги организираат и спроведуваат понудувачи на образование за возрасните кои ја реализираат програмата за стекнување на знаење, вештини и способности“.

Член 19 од Законот за НРК предвидува дека една од задачите на Секторските комисии за квалификации е да „формира комисии за оценување и потврдување на резултатите од учење (знаење, вештини и компетенции) во неформалното образование и обука“ Член 23 став 3 предвидува дека „оценувањето и потврдувањето на резултатите од учењето (знаење, вештини и компетенции) во неформалното образование и обука го врши комисија составена од по еден претставник од : понудувачот на образование и обука, работодавачите и институциите од областа на образованието“.

Овие противречни одредби во двата закона треба да се усогласат.

Член 22 од Законот за образование на возрасните содржи одредби за верификација на институциите кои реализираат посебни програми за возрасни, кои се повеќе фокусирани на наставниот процес отколку на валидација на резултатите од учењето. Согласно овој член „Понудувачот и институцијата за образование на возрасни може да реализираат

верификувани посебни програми за образование на возрасни доколку имаат капацитети, простории и кадар за соодветно спроведување на тие програми, за коишто доставуваат барање за верификација на понудувачот или институцијата преку Центарот до Министерствотоза образование и наука“.

Капацитетот на институциите кои ќе вршат валидација на претходното учење за стекнување квалификација треба да се вреднува/оценува во однос на соодветните стандарди на квалификации одРегистарот на МРК, како и според барањата опишани во законодавството за валидација на неформалното и информалното учење како дел од системот за образование на возрасните.

треба да се размисли за можни измени на Законот за НРК. Особено, Член 12 став 6 кој предвидува дека „компетенциите стекнати на неформален начин се оценуваат и потврдуваат од стручна комисија формирана од Секторските комисии за квалификации“ се чини дека е неизводлив. Наша препорака е да се размисли дали овие комисии би биле најсоодветните тела за потврдување на компетенциите на поединци. Наспроти тоа, ние нудиме алтернативно решение каде што валидацијата и потврдувањето на компетенциите на поединците се врши од страна на образовните институции кои реализираат посебни програми за возрасни.

Како и да е, процедурите поврзани со валидација на неформалното и информалното учење треба да ги одразуваат процедурите поврзани со методологијата на МРК. Сметаме дека е неопходно да се регулираат, во посебенправен документ, процедурите и критериумите за валидација и сертификација, акредитација на институциите овластени да доделуваат квалификации, како и комисиите од експерти кои вршат валидација и сертификација, процедурите за осигурување на квалитет и за финансирање на оваа активност. Само сопосебен правен акт може да се пропише систем за валидација на неформалното и информалното учење на систематски начин.

**Програмите за валидација на неформалното и информалното учење можат исто така да доведат до стекнување на квалификација која се наоѓа во МРК.**

**Валидацијата на неформалното и информалното учење треба да ја вршат понудувачи на образование за возрасни посебно акредитираниза таа цел. Законот за образование на возрасните и Законот за НРК треба соодветно да се ревидираат.**

**Се препорачува во конкретен правен документ да се регулираат одредбите за валидација на неформалното и информалното учење, односно процедурите и критериумите за валидација и сертификација, акредитација на институциите овластени да доделуваат квалификации, како и комисиите од експерти кои вршат валидација и сертификација, процедурите за осигурување на квалитет и за финансирање на оваа активност.**

## ПРЕОДНИ ОДРЕДБИ

Само оние програми кои се усогласени со соодветните стандарди на квалификации треба да се стават во МРК и да се запишат во Регистарот на МРК. Меѓутоа, треба да се биде

свесен за ризикот што произлегува од фактот дека ќе биде потребно време додека се формираат Секторските комисии за квалификации и додека да се стават стандардите на квалификации во Регистарот на МРК. Препораката на експертите е дека процесот на воведување реформи е бавен, но сигурно води кон реформи во квалификациите во Македонија. Затоа, оценувањето и одобрувањето на програмите за образование на возрасни треба да продолжи да се врши како што е пропишано во постојното законодавство, но со тоа, овие програми не треба да водат кон стекнување на квалификации вклучени во Регистарот на МРК. Овие препораки треба да бидат одразени во преодните одредби на ревидираниот Закон за образование на возрасните.

**ЗАКЛУЧОЦИ ЗА ВКЛУЧУВАЊЕ НА ПРОГРАМИТЕ ЗА ОБРАЗОВАНИЕ НА ВОЗРАСНИ И КВАЛИФИКАЦИИ ВО РЕГИСТАРОТ НА МРК**

Стандардите на занимања можат да бидат разиени од било која заинтересирана страна, во согласност со Методологијата усвоено од Националниот одбор за МРК. Центарот за образование на возрасни може да развива стандради на занимања, самостојно или заедно со Центарот за стручно образование и обука.

Стандардите на занимања се вреднуваат од страна на Секторските комисии за квалификации и се усвојуваат од Министерството за труд и социјална политика.

Листата на одобрени стандарди на занимања се чува во Министерството за труд и социјална политика, а се објавува и надополнува редовно на веб страната на ЦСОО.

Стандардите на занимања служат како основа за развивање на стручни квалификации за возрасни, и се развиваат од стрна на ЦОВ или заедно од ЦСОО и ЦОВ, согласно Протоколот за соработка.

Методологијата за развивање на стандарди на квалификации ја усвојува Националниот одбор за МРК.

Стандардот за стручни квалификации е дел од стандардот на квалификации од стручното образование и обука и служи како основа за развивање на неформални програми за образование на возрасни.

Неформалните програми за образование на возрасни се развиваат од понудувачите на услуги за образование на возрасни врз основа на Методологија усвоено од Националниот одбор за МРК, а поврзни со соодветните стандарди на квалификации од Регистарот на МРК:

Неформалнте и програми за образование се вреднуваат од страна на ЦОВ во согласност со соодветните стандарди на квалификации од Регистарот на МРК и со Методологијата усвоена од Националниот одбор.

Неформални програми за образование ги одобрува ЦОВ.

## Нацрт законски акти за ревидирање на постојното законодавство

## Закон за образование на возрасните

**Се додава дополнителен Член**

Терминот „наставен план и програма“ се заменува со терминот „образовна програма“ низ целиот текст.

**Измена на Член 2**

- Член 2 се менува со вметнување на следниве дефиниции. „Формално образование” е образование реализирано во согласност со законите кои ја регулираат дејноста на основно, средно и високо образование. Формалното образование на возрасните е институционализирано образование кое се спроведува во државни или приватни институции и организации како редовно и вонредно образование во согласност со соодветните образовна програма.
- „Неформалното образование” се однесува на организирани процеси на учење фокусирани на обука за работа, за различни социјални активности или за личен развој.
- „Формалното учење” е активност која ја обезбедува образовна институција или понудувач на обука, која се изведува во согласност со одредени одобрени програми со цел за подобрување на знаењето, вештините и компетенциите, за што се издава јавна исправа.
- „Неформалното учење” претставува организирани активности за учење со цел за подобрување на знаењето, вештините и компетенциите за лични, општествени или професионални потреби.
- „Информалното учење” е учење кое е резултат на секојдневни активности поврзани со работата, семејството или слободното време. Тоа не е структурирано во поглед на целите за учење, времето на учење или поддршката за учење.
- „Резултати од учењето” се изјави за тоа што знае, што разбира и што може да прави учесникот, како резултат на формалниот, неформалниот или информалниот процес на учење. Резултатите од учењето се дефинираат во смисла на знаење и разбирање, вештини и компетенции (самостојност и одговорност).
- „Стандард на квалификација” (ќе биде ист како и во Законот за НРК и Законот за СОО; термин кој треба да се воведе во Законот за НРК).
- „Формални програми за образование на возрасни” се јавно признати програми за образование на возрасните кои ги донесува или одобрува надлежниот државен орган.
- „Неформални програми за образование на возрасни” се посебни програми за неформално образование на возрасните.
- „Валидација” значи процес на потврда од овластено тело дека поединец се стекнал со резултати од учење измерени во однос на релевантен стандард и се состои од следниве четириразлични фази: идентификација, документација, формално оценување и сертификација.

со бришење на следниве дефиниции:

- „Јавно признати програми” за образование на возрасните се однесуваат на програми за формално образование кои ги донесува или одобрува надлежниот државен орган;
- „Посебни програми” се програми за неформално образование за стекнување на знаење, вештини и компетенции;

со вметнување на нова формулација за следните дефиниции:

- „Стандард на занимање” е определување на видот на занимањето, барањата за работата и знаење, вештини и компетенции кои се потребни за работата.
- „Модул” означува независна единица на учење која, како дел од дел од програма, овозможува стекнување на знаење, вештини и компетенции од одредена област и/или стекнување на делумна квалификација.
- „Диплома, свидетелство или уверение” се јавни исправи со кои се потврдува завршувањето на одредени формални програми за образование на возрасните.

**Измена на Член 3**

Член 3 се менува

- со вметнување на зборот „образование“ во првата реченица од Член 3, по зборот “формално“ и по зборот “неформално’. Новата формулација е: „Образованието на возрасните опфаќа формално образование, неформално образование и информално учење“.

- Ставот 1 во точката 1 се брише,
- Став 2 во точката 1 се брише, и
- Став 4во точката 1 се брише. [3]

  Точка 2 се брише.

  Точка 3 се брише.

**Измена на Член 6**

Член 6 се менува:

- со вметнување на „и Одборот за НРК“ по првата алинеја од Член6 и се брише „Советот за образование на возрасни’.

**Член 9 и Член 10 се бришат**

**Измена на Член 11**

---

[3]Речениците се дел од дефиниција, кои се вметнати во член 2.

Член 11 се менува:

- со бришење на „јавно признати програми“ и вметнување на „формални програми“ во последната алинеја од Член 11.

**Измена на Член 12**

Член 12 се менува:

- со вметнување на „и квалификации“ по втората алинеја од Член 12, чијашто нова формулација гласи: „доставува предлози до Центарот за развој на нови стандарди на занимања и стандарди на квалификации“.

**Измена на Член 17**

Член 17 се менува:

- со бришење на „јавно признати програми“ и вметнување на „формални програми“ по првата реченица.
- со вметнување на трета реченица: „Формалните програми за образование се оценуваат од Секторските комисии за квалификации во согласност со стандардите на квалификации, пропишани од Законот за стручно образование и обука и акредитирани од Министерството за образование и обука“.
- со вметнување на две реченици по Член 17: Неформалните програми за образование на возрасните се акредитираат во согласност со Правилникот издаден од Центарот за образование на возрасните. Формалните и неформалните програми за образование на возрасните, се развиваати оценуваатво согласност со стандардите на квалификации и стандардите на занимања, водат кон стекнување квалификации кои се вклучени во Регистарот на МРК.

**Измена на Член 18**

Член 18 се менува:

- со бришење на „посебни програми“ и вметнување на „неформални програми“ во првата реченица од Член 18.

**Измена на Член 19**

Член 19 се менува со вметнување на следниве црти:

- Назив на квалификацијата стекната преку програмата,

- Тип на квалификација стекната преку програмата,

- Ниво, односно под-ниво на квалификацијата стекната преку програмата,

- Код на квалификацијата стекната преку програмата,

- Кредитна вредност на квалификацијата стекната преку програмата,

- Опис на квалификацијата стекната преку програмата,

- Содржина на квалификацијата стекната преку програмата (услови за запишување, број на задолжителни и изборни предмети, односно модули, начин на верификација и критериум за верификација на резултатите од учењето).

**Измена на Член 21-а**

Член 21-а се менува:

- со бришење на „посебни програми“ и вметнување на „неформални програми“ во првата реченица
- со вметнување на „и постапува во согласност со Правилникот за начинот на верификација на неформалните програми за образование на возрасните, издаден од Центарот“ по првата реченица
- со бришење на втората и трета реченица.

**Измена на Член 21-б[4]**

Член 21-б се брише.

**Измена на Член 22-а**

Член 22-а се менува:

- со бришење на термините „јавно признати програми“ и „посебни програми“ и вметнување на термините „формални образовни програми“ и „неформални образовни програми“.

**Измена на Член 24**

Член 24 се менува:

- Со бришење на „посебни програми“ и вметнување на „неформални програми“ во првата реченица.

**Измена на Член 24**

Член 24 се менува:

- Со бришење на „посебни програми“ и вметнување на „неформални програми“ во првата реченица.

**Измена на Член 36**

[4]Затоа што тоа е предвидено со Правилникот за начинот на верификација на неформалните програми за образование на возрасните, издаден од Центарот

Член 36 се менува:

- со бришење на шестата алинеја и вметнување на следното: развива стандарди на занимања и стандарди на квалификации како основа за развој и оценување на програмите за образование на возрасните, во соработка со Центарот за стручно образование и обука врз основа на правилата од Протоколот за соработка помеѓу Центарот за стручно образовани и обука и Центарот за образование на возрасните
- со бришење на „јавно признати и посебни програми“ и вметнување на „формални и неформални програми“.
- Со додавање на следново: „акредитира неформална програма за образование на возрасни во согласност со стандардите на квалификација од Регистарот на МРК.“
- Со додавање на следново: „развива образовни програми за основно образование на возрасни според стандардот на квалификации од Регистарот на МРК и предлага да бидат усвоениод Министерот за образование и наука“.

**Измена на Член 44.5**

Член 44.5 се менува:

- со бришење на „посебни програми“ и вметнување на „неформални програми“ во првата алинеја.

**Измена на Член 44-е**

Член 44-е се менува:

- со бришење на „јавно признати програми“ и вметнување на „формални програми“ во втората алинеја.

**Се додава преодна одредба**

По формирањето на Секторските комисии за квалификации,  Советот за образование на возрасни престанува да постои.

## Секундарно законодавство

**Правилник за начинот на верификација на посебни програми за образование на возрасните**

Новиот назив на правилникот е како што следува: Правилник за начинот на акредитација на неформални програми за образование на возрасните.

Низ целиот акт, терминот „посебна програма“ се заменува со „неформална програма“.

Низ целиот акт, терминот „верификација“ се заменува со „акредитација“.

**Измена на Член 3**

Членот 3 се менува:

Со додавање на зборот „квалификација“ пред зборот “стандард“ во последната реченица од членот.

**Измена на членот 8**

Членот 8 се менува со додавање на следните одредби, после првата реченица:

Комисијата ја оценува предложената програма во согласност со стандардот на квалификација од Регистерот на МРК, доколку постои таков.

Ако нема соодветен стандард на квалификација во регистарот на МРК, тогаш:

- Оценувањето на програмата ќе биде направено со експертско мислење од Секторската комисијата,
- Програмата нема да води до добивање квалификација која е поврзана со МРК и ЕРК, и
- Понудувачот ќе препорача развивање на стандард на квалификација според методологијата усвоена од Одборот за МРК:

**Правилник за формата, содржината и начинот на управување со Централниот Регистар и општинскиот Регистар на понудувачи и институции кои спроведуваат јавно признати образовни програми**

Новиот назив на правилникот е како што следува: Правилник за формата, содржината и начинот на управување со Централниот Регистар и општинскиот Регистар на понудувачи и институции кои спроведуваат формални образовни програми за возрасни.

Низ целиот акт, терминот „јавно признатa образовна програма“ се заменува со „формална образовна програма“.

Низ целиот акт, терминот „образование за возрасните“ се заменува со „формално образование за возрасните“.

**Правилник за начинот на верификација на понудувачите и институциите за образование на возрасните**

Изменетиот наслов на Правилникот гласи: **Правилник за начинот на акредитација на понудувачите и институциите за образование на возрасните**

Низ целиот акт, терминот „верификација“ се заменува со „акредитација“.

**Измена на Член 2**

Член 2 се менува**:**

- со бришење на терминот „посебна програма“ и вметнување на „неформална програма“ во последната реченица од Член 2.

**Измена на член 3**

Член 3 се менува:

- со додавање на дополнителен став, како што следи: Пондувачот на образование на возрасни ќе докаже во неговиот елаборат, кога е потребно, дека неговите материјални, човеки и професионални капацитети да ја спроведува неформалната програма која е во согласност со стандардот на квалификација.

**Измена на Член 5**

Член 5 се менува:

- со бришење на терминот „посебна програма“ и вметнување на „неформална програма“ во целиот Член.

**Измена на член 8**

Член 8 се менува :

- со додавање на дополнителен став, акко што следи: Комисијата ќе одреди, кога е потребно, дали пондувачот на образование на возрасни поседува материјални, човеки и професионални капацитети да ја спроведува неформалната програма која е во согласност со стандардот на квалификација.

**Правилник за називот, содржината и формата на сертификатот за знаење, способности и компетенции стекнати од посебните програми за образование на возрасните**

Новиот назив на правилникот е како што следува: Правилник за називот, содржината и формата на сертификатот за знаење, способности и компетенции стекнати од неформалните програми за образование на возрасните.

**Измена на Член 1**

Член 1 се менува:

- со бришење на терминот „посебна програма“ и вметнување на „неформална програма“ во целиот член.

**Измена на Член 2**

Член 2 се менува:

- со бришење на терминот „посебна програма“ и вметнување на „неформална програма“ во целиот член.

**Измена на Член 4**

Член 4 се менува:

- со бришење на терминот „посебна програма“ и вметнување на „неформална програма“ во целиот член.
- со вметнување на следната реченица по Член 4: „Сертификатот кој се издава по завршување на неформални програми и стекнувањена квалификацијата од Регистарот на МРК треба да содржи ознака за нивото во МРК во согласност со одредбите од Законот за НРК“.

## Закон за отворени граѓански универзитети за доживотно учење, пречистен текст

**Измена на Член 2**

Член 2 се менува со вклучување на следниве дефиниции:

- „Формално образование” е образование реализирано во согласност со законите кои ја регулираат дејноста на основно, средно и високо образование
- „Неформалното образование” се однесува на организирани процеси на учење фокусирани на обука за работа, за различни социјални активности или за личен развој
- „Формалното учење” е активност која ја обезбедува образовна институција или понудувач на обука, која се изведува во согласност со одредени одобрени програми со цел за подобрување на знаењето, вештините и компетенциите, за што се издава јавна исправа.
- „Неформалното учење” претставува организирани активности за учење со цел за подобрување на знаењето, вештините и компетенциите за лични, општествени или професионални потреби.

## V. ВИСОКО ОБРАЗОВАНИЕ

Законот за Национална рамка на квалификации покажа дека земјата разви сопствена рамка на квалификации како задолжителен национален стандард и како алатка за реформа наменета за зголемување на квалитетот и релевантноста на образовниот систем.

Реформирачката природа на рамката се реализира преку усогласување на резултатите на учење од квалификациите со описитена нивоата во МРК и преку воведување на стандарди на квалификации. Стандардите на квалификации се воведуваат како стандарди за квалитет кои служат како основа за развој и оценување на образовните програми кои водат до стекнување квалификации.

Идејата зад методологијата за вклучување на квалификациите во МРК која се заснова на воведување на стандарди на квалификации ги следи принципите за осигурување на квалитет од европските стандарди и упатства за осигурување на квалитет во европскиот простор за високо образование (ESG) која дефинира дека „квалификацијата која е резултат на програма треба да биде јасно утврдена и соопштена и да се однесува на точното ниво во Националната рамка на квалификации за високо образование и последователно на Рамката на квалификации на европскиот простор на високото образование*“*. Препораката на Европскиот парламент и на Советот од 23 април 2008 година за воспоставување на Европска рамка на квалификации за доживотно учење ја дефинира квалификацијата како „формален резултат од процес на оценување и валидација којшто се добива кога надлежен орган ќе утврди дека еден поединец ги постигнал резултатите од учењето според дадени стандарди*“.*

Освен тоа, Законот за Националната рамка на квалификации воведува нови тела кои ќе бидат надлежни за вклучување на квалификации во МРК: Национален одбор за МРК и Секторски комисии за квалификации за квалификации.

Затоа, постојното законодавство кое ја регулира акредитацијата на студиските програми кои водат до квалификации кои се дел од МРК и според тоа се запишани во Регистарот на МРК, треба да се ажурира со тоа што ќе се земе предвид Законот за НРК.

Ова под-поглавје се состои од препораки за концептуални измени и за процедурални и институционални измени во постојното законодавство за високо образование од една страна и во Законот за Националната рамка на квалификации од друга страна. Предложените измени треба да овозможат спроведување на моделот за вклучување на квалификации за високото образование во МРК, при тоа имајќи ја предвид специфичноста на високото образование и улогите и компетенциите на постојните тела.

Ова под-поглавје најпрво ќе ги презентира и ќе ги образложи препорачаните измени во законодавството и моделот за вклучување на квалификации за високото образование во Регистарот на Македонската рамка на квалификации. Како второ, измените во законодавството кои треба да се воведат со цел да се спроведе препорачаниот модел ќе бидат опишани за секој правен акт.

## Препораки за ревидирање на постојното законодавство

МРК е воспоставена како задолжителен национален стандард со кој, согласно со Член 2 од Законот за НРК „се уредува стекнувањето и користењето на квалификациите во Република Македонија и како инструмент за воспоставување на систем на квалификации стекнати во Република Македонија којшто обезбедува основа за прегледност, пристап, трансфер, стекнување и квалитет на квалификациите“. Креирањето на „единствен систем за осигурување на квалитет“ се дефинира како една од целите дефинирани во Член 4 од Законот за НРК.

Затоа, како задолжителен национален стандард, МРК се смета за алатка за осигурување на квалитетот на квалификациите што е особено важно за првична акредитација и реакредитација на студиските програми кои водат до квалификации во националниот систем на квалификации. Освен тоа и согласно со членовите 22 и 23 *„осигурувањето на квалитет во примената на Македонската рамка на квалификации се однесува на квалитетот на квалификациите во Македонската рамка на квалификации, на процедурите кои водат до стекнување на дипломи, уверенија и сертификати што се доделуваат на учесниците кои ја стекнале квалификацијата“.* Меѓутоа, став 2 предвидува дека процедурите за осигурување на квалитет се содржани во законите кои регулираат различни нивоа на образование. Тоа значи дека Законот за НРК им препуштил на законите кои регулираат различни нивоа на образование да пропишуваат процедури за осигурување на квалитет имајќи ги предвид принципите и процедурите за запишување во МРК предвидени со Законот за Националната рамка на квалификации.

Процедурите за одобрување на студиски програми за високо образование беа дефинирани пред воведувањето на Законот за Националната рамка на квалификации. Исто така, Националната рамка на квалификации за високото образование (НРК-ВО) беше воспоставена со *Регулатива за Националната рамка на квалификации за високото образование.* Регулативата ги воспостави општите описина нивоата како главни критериуми за утврдување на квалификациите и нивното вклучување во НРК-ВО. Тие исто така беа вклучени и во *Правилникот за задолжителните компоненти кои треба да ги поседуваат студиските програми во првиот, вториот и третиот циклус на студии* како задолжителен елемент на студиските програми кои треба да се достават за акредитација до Одборот за акредитација и евалуација на високото образование. Иако оваа регулатива го воведе нивелирањето на квалификациите во процедурите за првична акредитација на студиските програми за високо образовани, постојните процедури не се во согласност со принципите и процедурите за запишување во МРК предвидени со Законот за Националната рамка на квалификации. Ова особено е видливо во два аспекта воведени со Законот за Националната рамка на квалификации: воведување на стандарди на квалификации кои служат како основа за развој на образовни програми и воспоставување на нови тела кои ќе бидат надлежни за вклучување на квалификации во МРК (Национален одбор за МРК и Секторски комисии за квалификации за квалификации).

Новите аспекти ги доведоа под знак прашање постојните процедури за одредување на нивото на квалификациите и улогата која беше во надлежност на Одборот за акредитација и евалуација на високото образование.

За да се постигне целта за постоење на *„единствен систем за осигурување на квалитет“* како што е наведено во целите за МРК во Член 4 и во исто време *„да се одржат процедурите за осигурување на квалитет во согласност со законите од соодветните области на основните и средните училишта и високото образование, стручното образование и обука и образованието на возрасните“* како што е наведено во Член 23, задолжителната природа на МРК треба да биде јасно одразена во формалните процедури кои се предвидени во законите и подзаконските акти кои го регулираат високото образование.

**Се препорачува задолжителната и реформирачка природа на МРК да се примени и во високото образование преку развој на нова процедура за евалуација и акредитација на квалификациите за високо образование кои ќе бидат вклучени во МРК.**

Главното концептуално прашање поврзано со вклучувањето на квалификациите за високо образование во Регистарот на МРК се појави околу воведувањето на стандарди на квалификации кои ќе служат како транспарентна основа за развој на студиски програми и нивна акредитација и реакредитација. Ако се воведат стандарди на квалификации во високото образование, тоа ќе значи развој на две различни процедури: една која е поврзана со запишување на стандардите на квалификации во Регистарот на МРК и друга која е поврзана со одобрување на студиски програми кои се во согласност со соодветните стандарди на квалификации.

Анализата на постојното законодавство покажа дека стандардизацијата при опишувањето на квалификациите за високо образование е воведена до одреден степен преку одредбите кои ги дефинираат задолжителните елементи на студиските програми содржани во *Законот за високо образование* и во *Правилникот за задолжителните компоненти за кои треба да ги поседуваат студиските програми во првиот, вториот и третиот циклус на студии* (Член 2 и 3). Тоа резултираше со заеднички формат за доставување на студиски програми. Од друга страна, Законот за Националната рамка на квалификации воведе стандарди на квалификации како нов концепт што оди подалеку од описот на квалификациите и овозможува стандардизација на содржината на квалификациите и на резултатите од учењето (Член 6).

Во зависност од нивната содржина, стандардите на квалификации можат да се користат за различни цели. Стандардите на квалификации содржат стандардизирани елементи кои претставуваат минимални стандарди за квалитет кои треба да се исполнат со цел надлежниот орган да ја одобри студиската програма која води кон доделување на стандардизирана квалификација. Во тој поглед, надлежниот орган за одобрување на студиски програми има мерлив показател за евалуација и евалуацијата се врши на еднаков, објективен и транспарентен начин. Стандардите на квалификации овозможуваат да се зголеми транспарентноста на квалификациите бидејќи тие содржат минимални резултати од учењето кои ги поседуваат носителите на квалификацијата со јасна ознака за нивото според описитена нивоа на Националната рамка на квалификации.

Во тој поглед тие се корисни како за учениците така и за работодавачите.  Освен тоа, со стандардизирање на називите, стандардите на квалификации овозможуваат да се решат прашањата поврзани со транспарентноста на квалификациите, како и со различноста и веродостојноста на студиските програми и академски титули.   Тие исто така ја подобруваат релевантноста на квалификациите ако истите содржат јасно поврзување на пазарот на трудот и можат да им помогнат на носителите на одлуки при донесувањето на одлуки за финансирање или приоритизирање на одредени квалификации.

Накратко резмирано, воведувањето на стандарди на квалификации во високото образование ќе го зајакне развојот на резултати од учење според описитена нивоа, ќеја олесни евалуацијата на студиските програми и ќеја зголеми транспарентноста, квалитетот и релевантноста на квалификациите за високото образование.

**Имајќи ја предвид реформирачката природа на МРК и потенцијалот на стандардите на квалификации како мерливи показатели за квалитет, се препорачува вклучувањето на квалификациите за високото образование во Регистарот на МРК да се базира на воведување на стандарди на квалификации.  Стандардите на квалификации треба да се користат во акредитацијата и реакредитацијата на студиските програми.**

## Вклучување на стандардите на високообразовните квалификации во Регистарот на МРК

Во Законот за Националната рамка на квалификации не се утврдени детално процедурите за развој и одобрување на стандардите на квалификации или на кој начин тие треба да се користат за развивање и акредитација на студиски програми.  Во Законот е утврдено дека Секторските комисии за квалификации издаваат мислење за усогласување на стандардите на занимања и стандардите на квалификации со испитните програми.  Со оглед на тоа што користењето на стандарди на занимања е ограничено на стручното образование и обука, ние предлагаме да се пропише посебна процедура за развој и одобрување на стандарди на високообразовните квалификации.

**Се препорачува процедурата за одобрување на стандардите на квалификации во високото образовниепропишани со Законот за Националната рамка на квалификации,  да е сеуште важечка. Меѓутоа, имајќи ја предвид различната, покомплексна и повеќенаменска улога на високото образование (потребите на пазарот на трудот, но и општеството и поединците), треба да се развие посебна процедура за развој и вклучување на стандардите на квалификации во високото образовните образовниево Регистарот  на  МРК.**

Стандардите на квалификации се сметаат за национални стандарди коишто ќе служат за развој на студиски програми.  Националниот одбор за Македснка рамка на квалификации развива Методологија за развивање на стандарди на квалификации во високото образование.   Затоа, од огромна важност е тие да произлезат од меѓусебен

договорназасегнатите страни и да се развиваат од страна на сите високообразовни институции коишто нудат исти студиски програми. Министерството одговорно за високото образование, во соработка со Одборот за акредитација и евалуација на високото образование, треба да развие методологија за развој на стандарди на високообразовните квалификации.

Во Член 6 од Законот за Националната рамка на квалификации се наведени следниве елементи на стандарди на квалификации:

- Назив на квалификацијата,
- Тип на квалификацијата,
- Ниво, односно подниво на квалификацијата,
- Код на квалификацијата,
- Кредитна вредност на квалификацијата,
- Опис на квалификацијата и
- Содржина на квалификацијата (услови за запишување, број на задолжителни и изборни предмети, односно модули, начин на проверка и критериуми за проверка на резултатите од учењето)

Елементите на стандардите на високообразовните квалификации треба да ја одразуваат реформативната улога на НРК и да служат како алатка за одредување на нивотона квалификациите и зголемување на нивниот квалитет и релевантност.

Во тој поглед, елементите на стандардите на квалификации треба да овозможуваат мерење на квалитетот и релевантноста на квалификациите. Важно е да се прави разлика помеѓу квалитетот и релевантноста на квалификациите со цел да се утврдат надлежни органи коишто ќе ги оценуваати одобруваат тие аспекти на стандардите на квалификации.

Квалитетот на квалификацијата може да се измери со оценување на тоадали резултатите од учењето го отсликуваат соодветното ниво од рамката, начинот на којшто резултатите од учењето можат да се постигнат, дали материјалот и наставниот кадар се соодветни за нивно стекнување и начинот на којшто тие се потврдуваат.

Релевантноста на квалификацијата може да се мери со проверка на тоа дали пропишаните резултати од учењето се во согласностсо целта на квалификацијата, како на пример понатамошно образование, потребите на пазарот на трудот, потребите на општеството, и др.

Двата аспектина оценување на квалификациите се фокусираат на резултатите од учењето. Според документот „Македонска рамка на квалификации - појдовни основи“ (Министерство за образование и наука, 2013), МРК е *„инструмент за развивање, класифицирање, препознавање и за признавање на стекнатите квалификации преку резултатите од учење“.* Покрај тоа, една од целите на МРК е „јасно да ги дефинира резултатите од учењето“ (Член 4) и едно од начелата на Националната рамка на квалификации вели дека *„резултатите од учењето се искажуваат низ знаење, вештини и компетенции*“ (Член 3). Понатаму во Член 7 од Законот се наведени описитена нивоата и резултатите од учењето за секое ниво на квалификација. Со цел да се подобри усогласување развојот на

резултатите од учењето со описите на нивоата во МРК, резултатите од учењето стануваат најважниот елемент од стандардот на квалификација. Откако ќе се дефинираат јасно и мерливо, резултатите од учењето го подигааткvалитетот на учењето и предавањето и квалитетот на квалификациите и релевантноста на квалификациите.

Стандардите на квалификации се одобренипред вклучувањето на студиската програма во Регистарот на МРК, така што нивните елементи се основаза развој на студиските програми, овозможувајќи јасна споредба на резултатите од учењето на студискатапрограмасо соодветните минимални резултати од учењето коишто треба да се стекнат од студиската програма. Меѓутоа, минималните резултати од учењето, пропишани со стандардот на квалификација, сепак треба овозможат флексибилност и академска слобода во редизајнирањето на студиските програми. Имајќиги предвид постојните елементи на стандардизација воведени со *Законот за високото образование* и *Правилникот за задолжителните компоненти кои треба да ги поседуваат студиските програми од првиот, вториот и третиот циклус на студии* (Член 2 и 3) со коишто се пропишува дека 60% од резултатите од учењето во студиските програми се задолжителни, се препорачува 60% од кредитите од резултатите од учењето на студиските програми да ги опфаќаат задолжителните резултати од учењето од стандардот на квалификација од Регистарот на МРК:

**Се препорачува следниве елементи на стандардите на високообразовните квалификации да бидат пропишани со Методологија за развој на стандард на квалификации:**

1. **Назив на квалификација**
2. **Нивона квалификација (во согласност со МРК)**
3. **Критериуми за запишување**
4. **Цел(и) на квалификацијата (на пример, потребите на пазарот на трудот, понатамошно образование и др)**
5. **Задолжителни резултати од учењето (договорените минимални резултати од учењето коишто треба да се стекнат преку студиска програма што води до стандардизирана квалификација; покриени со 60% од кредитите на студиската програма)**
6. **Начинна стекнување на резултатите од учење (на пример преку практична работа)**
7. **Како резултатите од учењето се оценуваат и потврдуваат**
8. **Критериуми во однос на кадарот (компетенции на наставниците)**
9. **Критериуми во однос на материјалните услови (на пример, лабораторија)**
10. **Пристап до пазарот на трудот**

Со Законот за Националната рамка на квалификации се воведоа нови процедури и компетенции на ново-формиранитетела (Националниот одбор за Македонската рамка на квалификации и Секторските комисии за квалификации). Со ова се доведува во прашање постојната улога на усогласување на квалификациите којашто беше под надлежност на Одборот за акредитација и евалуација на високото образование.

Во согласност со Законот за Националната рамка на квалификации, Националниот одбор за Македонската рамка на квалификации и Секторските комисии за квалификации играат важна улога во поглед на осигурувањето на квалитет: Националниот одбор за Македонската рамка на квалификации одлучува по барање за запишување на квалификации во Регистарот (поднесено од правен субјект или физичко лице), по претходно добиено мислење од релевантните Секторски комисии за квалификации(Член 21 став 2) и Секторските комисии за квалификации (под надзор на Националниот одбор за Македонската рамка на квалификации) се надлежни да „ги оценат постојните квалификации“ (Член 19). Со ова се доведе во прашање нивниот однос со другите органи за осигурување на квалитет, особено во однос на Член 23 став 2, според кој што процедурите за осигурување на квалитет се во согласност со законите од соодветните области на основното и средното и високото образование, стручното образование и обука и образованието на возрасните.

Со оглед на тоа што Секторските комисии за квалификации се формираат од страна на секторите кои го покриваат стручното образование и обука, истите не се соодветни да имаат улога во одобрувањето на стандардите на квалификации во високото образовние.Затоа, во новата процедура за вклучување на стандардите ка квалификации во високото образовние,се препорачува институционалната надлежност врз оценувањето и вклучувањето на стандардите на квалификации во Регистарот на МРК да биде поседбо дефинирана за високотот образование со креирање на синергија помеѓу постојното тело - Одборот за акредитација и евалуација на високото образование и новоформираното тело - Националниот одбор за Македонската рамка на квалификации. Одборот за акредитација и евалуација на високото образование којшто располага со искуство и експертски комисии формирани според меѓународната Фраскатиева класификација, е најсоодветниот експертски орган за осигурување на квалитет за основните содржини на стандардите на квалификации – содржините на резултатите од учењето, нивното усогласување и другите критериуми за квалитет од стандардот на квалификација. Меѓутоа, можно е Одборот за акредитација и евалуација на високото образование да не ја поседува соодветната експертиза за оценување на релевантноста на стандардите на квалификации, особено во поглед на релевантноста на пазарот на трудот. Како резултат на тоа, се препорачува оценувањето на релевантноста да го врши Националниот одбор за Македонската рамка на квалификации којшто треба да има можност да побара мислење за релевантноста на квалификациите од другите органи или да формира *ад хок* органи коишто ќе ја оценат релевантноста на квалификацијата којашто се стандардизира.

**Се препорачува стандардите на високообразовните квалификации да бидат оценувани и од Националниот одбор за Македонската рамка на квалификации и од Одборот за акредитација и евалуација на високото образование.**

*Одборот за акредитација и евалуација на високото образование ги оценува елементите на квалитетот* - назив на квалификацијата, критериуми за запишување, усогласување на резултатите од учењето во стандардот на квалификација со општите описина ниво на квалификацијата од МРК, начинот на стекнување на резултатите од учењето (на пример преку практична работа), како резултатите од учењето, се оценуваат и потврдуваат, критериуми во однос на наставниот кадар (компетенции на наставниците),критериуми во однос на материјалните услови. Одборот за акредитација и евалуација на високото образование доставува свое мислење до Националниот одбор за Македонската рамка на квалификации. *Националниот одбор за Македонската рамка на квалификации оценува дали целосно се почитува пропишаната процедура за развивање на стандард на квалификација и ја оценува релевантноста на квалификацијата* - во однос на потребите на пазарот на трудот, потребите на општеството, и др. Во исклучителни случаи (на пример нови квалификации коишто сè уште не се признаени на пазарот на трудот, Националниот одбор за Македонската рамка на квалификации може да побара мислење или од релевантно или *ad hoc*тело, за релевантноста на резултатите од учењето од предложената квалификација. Националниот одбор за Македонската рамка на квалификации донесува конечна одлука за запишување на стандардот на квалификација во Регистарот на МРК. Со цел да се осигура синергија на двата аспекта на оценување, се препорачува претставниците на Одборот за акредитација и евалуација на високото образование да се вклучат како член(ови) на Националниот одбор за Македонската рамка на квалификации.

Оваа институционална поставеност при одобрувањето на стандардите на квалификации ќе реши едно од прашањата кои произлегоа од коментарите добиени од Советодавната група за Европската рамка на квалификации за Извештајот за поврзување на Македонската рамка за квалификации. Важно е да се напомене дека и Националниот одбор за Македонската рамка на квалификации и Одборот за акредитација и евалуација на високото образование треба да бидат запознатисо Методологијата за развој на стандарди на квалификации и да поминат прилагодена обука за нивно оценување.

За сите горенаведени препораки поврзани со вклучувањето на стандардите на високообразовните квалификации во Регистарот на МРК потребно е изменување на Законот за Националната рамка на квалификации. Од друга страна, процедурата за усогласување на студиските програми со одобрените стандарди на квалификации ќе биде пропишана во постојното законодавство со коешто се уредува одобрувањето и оценувањето на студиските програми.

## Одобрување на студиските програми усогласени со соодветните стандарди на квалификации

Во согласност со Член 13 од Законот за Националната рамка на квалификации, „Надлежни за развој на квалификациите од V-A до VIII ниво се високообразовните установи“. Веќе заклучивме дека во согласност со Член 23 од Законот, процедурите за осигурување на

квалитетот треба да се утврдат во законите со коишто се уредуваат различните образовни нивоа, земајќи ги предвид начелата и процедурите за вклучување на МРК пропишани со Законот за Националната рамка на квалификации.  Според препораката утврдена во претходнитопод-поглавје, со Законот за Националната рамка на квалификации треба да се пропише процедурата за запишување на стандардите на квалификациитево високото образовниево Регистарот на МРК.

**Процедурата за оценување и одобрување на студиските програми коишто се во согласност со соодветните стандарди на квалификации, треба да биде пропишана во законоска регулативакоја што го уредува високото образование, каде што треба да се направи јасно поврзувањена студиските програми состандардотна квалификација од Регистарот на МРК.**

Во однос на новите процедури за оценување на усогласеноста на студиските програми со соодветните стандарди на квалификации, сметаме дека можат да се користат постојното тело и утврдените процедури. Всушност, рамка на квалификацииво високото образование веќе беше воведена во 2010 година со Уредбата за Националната рамка на високообразовните квалификации, врз основа на иницијативатаод Болоњскиот процес (Квалификациска рамка на европскиот простор на високото образование (QF EHEA)). Со неа се утврдуваат општите описина нивоата како главни критериуми за утврдување на нивоата на квалификации и нивното вклучување во Националната рамка на високообразовните квалификации.  Покрај тоа, со Правилникот за задолжителните компоненти кои треба да ги поседуваат студиските програми од првиот, вториот и третиот циклус на студии (2011) се воведоа дополнителни елементи на стандардизација во почетната акредитација на студиските програми.  По овие промени, одредувањето на нивона квалификациите беше систематски воведено во процедурите за почетна акредитација на високообразовни студиски програми.

Неодамна, со Законото за високото образование (Член 99) се воведоа два подзаконски акти (правилници) Правилник за начинот на потврдување на компатибилноста на Националната рамка на високообразовни квалификации со Европската рамка на високообразовни квалификации (самопотврдување), 2014 година и  Правилник за формата, содржината и начинот на водење на Регистарот за високообразовни квалификации, 2014 година. Овие законски акти го истакнааспроведувањето на НРК во високото образование како алатка за транспарентност и алатка за зголемување на квалитетот.

Со донесувањето на Законот за Националната рамка на квалификации се воведе МРК при што на истата ѝ се додели улога на алатка за реформирање на сите нивоа на квалификации, вклучувајќи го и високото образование. Реформаторската природа на МРК е спроведена со воведувањето на стандардите на квалификации коишто служат како основа за развивање и оценувањена студиските програми.  Во пракса, ова значи дека процесот на оценување ќе се олесни со поставување на транспарентен стандард во форма на стандарди на квалификации. Како резултат на тоа, надлежноста за оценувањето треба

да остане кај постојното тело со законски измени коишто овозможуваат користење на стандарди на квалификации.

**Оценувањето на студиските програми треба да остане во надлежност на Одборот за акредитација и евалуација на високото образование, но со законски измени треба да се пропише дека оценувањето се врши во согласност со стандардите на квалификации од Регистарот на МРК. Конечната одлука за вклучувањето на една студиска пограма во Регистарот на МРК ја донесува министерот одговорен за високото образование.**

*Во пракса, развојот и оценувањето на студиските програми заосновани на стандарди на квалификации може да се спроведе на следниов начин.*

Една високообразовна институција (или нејзина единица) развива студиска програма во согласност со поврзаниот стандард на квалифкација од Регистарот на МРК и ја поднесува до Одборот за акредитација и евалуација на високото образование. Одборот за акредитација и евалуација на високото образование го оценува усогласувањето на студиските програми со соодветниот стандард на квалификација. 60% од општите резултати од учењето/кредити на студиската програма мора да ги покриваат сите задолжителни резултати од учењето од стандардот на квалификација.

За оценување на усогласеноста на резултатите од учењето со одреден стандард на квалификација и резултати од учењето од одредена студиска програма може да се користи следнава матрица. Секој задолжителен резултат од учењето од одреден стандард на квалификација е опфатен од најмалку еден од општите резултати од учењето од одредена студиска програма.

*Матрица за оценување на усогласеноста на резултатот од учењето во студиските програми и стандардите на квалификаци*

| **Општи резултати од учењето (ОРУ) во студиска програма** | **Задолжителни резултати од учењето (ЗРУ) во стандард на квалификација** | | | |
|---|---|---|---|---|
| | ЗРУ 1 | ЗРУ 2 | ... | ЗРУ n |
| ОРУ 1 | | X | | |
| ОРУ 2 | X | | | |
| ... | | | | |
| ОРУ m | | X | | X |

Одборот за акредитација и евалуација на високото образование исто така ја оценува и целта на преостанатите 40% резултати од учењето/кредити во студиската програма во поглед на нивната релевантност со задолжителните резултати од учењето од стандардот на квалификација, клучните компетенции и посебни компетенции коишто ги исполнуваат потребите на општеството и учениците.

Одборот за акредитација и евалуација на високото образование го оценува усогласеноста на називот на квалификацијата во програмите со оние пропишани во стандардот на квалификација и другите елементи на квалитет пропишани со законот и нивниот правилник.

Врз основа на одлуката за акредитација на Одборот за акредитација и евалуација на високото образование, Министерството одговорно за високото образование одлучува дали да ја вклучи студиската програма и високообразовната институција во Регистарот на МРК.

Со оглед на обврзувачкиот карактер на МРК, штом еден стандард на квалификација за високо образование е запишан во Регистарот за МРК, сите студиски програми треба да бидат оценети (акредитирани) или повторно оценети (реакредитирани) во согласност со соодветниот стандард на квалификација.

Со оглед на тоа што стандардите на квалификации во високото образование се нов концепт воведен со Законот за Националната рамка на квалификации и за нивната подготовка е потребна интензивна процедура на координација (сите високообразовни установи треба да дадат согласност за нивните соодветни стандарди на квалификации), со цел да се избегне инертноста на академската заедница и неможноста, во рамките на научниот/стручниот сектор/поле, да се утврдат стандарди и да се постигне согласност за заедничка платформа во оваа област. Во таа насока сепредлагавклучувањето на студиските програми во МРК да биде претставено како критериумза квалитетдека само оние студиски програми коишто се усогласени со стандардите на квалификации од Регистарот на МРК можат да го користат нивото на МРК и, последователно, нивото на ЕРК во нивните дипломи. Исто така, предлагаме земјата да обезбеди средства за отворени повици за проекти насочени кон развојот на стандарди на квалификации и усогласување со студиските програми.

Оваа одредба автоматски ги исклучува сите квалификации стекнати пред усогласувањето на студиските програми со стандардите на квалификации од Регистарот на МРК со одредувањето на нивотоод МРК. Во овој поглед, Член 24 од Законот за Националната рамка на квалификации, во кој е утврдена еквивалентноста на квалификациите со потребните нивоа, треба да се измени на таков начин што ќе биде јасно дека во МРК ќе се вклучуваат само нови квалификации. Истата одредба треба да се ажурира во Уредбата за Националната рамка за квалификации во високото образованиеИсто така, треба даземеме предвид дека е потребен одреден временски период за изготвување на стандардите на квалификации и дека во некои сектори постигнувањето на согласност за заеднички стандарди може да претставува предизвик.

**Се препорачува кога  стандардот на квалификации не постои  во Регистарот на МРК,да се утврди преоден период за високообразованите установи да продолжат да изготвуваат и акредитираат студиски програми во согласност со постоечките процедури.**

Ова ќе резултира со две посебни процедури за евалуација на студиските програми за Одборот за акредитација и евалуација на високото образование – постојните процедури без стандарди на квалификации и новата процедура којашто опфаќа примена на стандарди на квалификации. Се препорачува преодниот период да биде усогласен со процесот на реакредитација. Преодниотпериод може да бидеискористени за изготвување на насоки и обукизачленовите на Одборот за акредитација и евалуација на високото образование за новите процедури на евалуација.

Со цел да се спроведе новата процедура на евалуација на студиските програми, треба да се ажурираат повеќето закони коишто го уредуваат високото образование.

Член 99 од **Законот за високото образование** во кој е пропишана содржината на студиските програми треба да се прилагоди со цел да се стави поголем фокус на резултатите од учењето. Наместо пропишаниот задолжителен процент од бројот на предмети, предлагаме структурата на студиските програми да биде пропишана во процент од вкупниот број на кредити.

Уредбата за **Национална рамка на високообразовни квалификации**треба значително да се ревидира. Препорачуваме насловот на рамката да се промени во**Националната рамка на квалификации за високото образование.** Уредбата треба да се промени на таков начин што ќе овозможи создавање на синергија помеѓу воспоставената Национална рамка на високообразовните квалификации и Македоската рамка на квалификации. Во пракса, ова усогласување значи поврзување со МРК, при што описитена нивото на МРК треба да бидат додадени и поврзани со Националната рамка на квалификации во високото образование. Во уредбата треба да бидат вклучени и одредби во врска со стандардите на квалификации како основа за одобрување на студиските програми, одредување на нивото на квалификацијата и одобрување на називите. Исто така, треба да се воведе одредба во врска со Регистарот на МРК во кој ќе се водат стандардите на квалификации и поврзаните студиски програми.

Со оглед на тоа дека студиските програми ќе бидат вклучени во Регистарот на МРК, постојниот Регистар на високобразовни квалификации, утврден со **Правилникот за формата, содржината и начинот на водење на Регистарот на високообразовни квалификации** во 2014 година, треба да биде укинат.

Исто така, потребно да се направат промени со кои ќе се воведат стандардите на квалификации од Регистарот на МРК и нивоата на МРК, во следниве законодавни акти:

Правилник за задолжителните компоненти на студиските програми за првиот, вториот и третиот студиски циклус и Правилник за измена и дополнување на Правилникот за задолжителните компоненти на студиските програми за првиот, вториот и третиот студиски циклус, Правилник за начинот на потврдување на компатибилноста на Националната

рамка на високообразовни квалификации со Европската рамка на високообразовни квалификација (само-сертификација),

Уредба за нормативите и стандардите за основање на високообразовни установи и за вршење на високообразовна дејност,

Правилник за организацијата, работата, одлучувањето, методологијата за акредитација и евалуација, стандардите за акредитација и евалуација и други прашања поврзани со работата на Одборот за акредитација и евалуација на високото образование.

**ЗАКЛУЧОЦИ ЗА ВКЛУЧУВАЊЕ НА ВИСОКООБРАЗОВНИТЕ КВАЛИФИКАЦИИ ВО РЕГИСТАРОТ НА МРК**

Националните стандарди на квалификации се вклучени во процедурата за одобрување на високообразовните(студиски ) програми. . Откако ќе се усвојат и вклучат во Регистарот на МРК, стандардот на квалификација се користи од страна на Одборот за акредитација и евалуација како основа за акредитација и реакредитација на студиските програми.

Стандардите на квалификации се резултат на договор помеѓу сите високообразовни институции кои испорачуваат студиски програми кои водат кон стекнување на соодветна квалификација. Поврзаноста со на пазарот на трудот е составен дел од стандардот.

Стандардите на квалификациите ги претставуваат минималните заеднички критериуми за квалитетот на квалификациите и нивната релевантност со потребите на пазарот на трудот. Стандардите на квалификации ги пропишуваат задолжителните резултати од учењето коишто треба да сепостигнатниз студиските програми и водат до стандардизирана квалификација. Задолжителните резултати од учењето претставуваат 60% од општите резултати од учењето коишто треба да се постигнат преку студиската програма, која води до соодветна квалификација.

Стандардите на квалификација се доставуваат за оценување/вреднување до Националниот Одбор за МРК кој бара мислење од Одборот за акредитација и евалуација на високото образование. Одборот за акредитација и евалуација на високото образование ги вреднува елементите за квалитет: назив на квалификација, критериуми за упис, усогласеност на резултатите од учење од стандардот на квалификација со општите описи од нивото на квалификација, до кој степен се постигнати резултатите до учење (на пр, низ практична работа), до кој степен резултатите од учење се потврдени, критерумите за човечки ресурси (компетенции на професорите), критериуми за материјални услови.

Одборот за акредитација и евалуација на високото образование го доставува своето мислење до Националниот одбор за МРК.Националниот одбор за МРК врши оценка во однос на тоа дали опишаната процедура за изготвување на стандардот на квалификација е целосно испочитувана и ја проценува релевантноста на квалификацијата – во однос на потребите на пазарот на трудот, општествените потреби слично. Во исключителни случаи (на пример, нови квалификации коишто сé уште не се

| |
|---|
| признати на пазарот на трудот), Националниот одбор за МРК може да побара мислење од релевантно или ad hoстело во врска со релевантноста на резултатите од учењето на предложената квалификација. Националниот одбор за МРК донесува конечна одлука во однос на запишување на стандардот на квалификации во Регистарот на МРК. |
| Доколку стандардот на квалификација е запишан во Регистарот на МРК, сите студиски програми треба да се вреднуваат/оценуваат (акредитираат) или повторно да се оценуваат (ре-акредитираат) во согласност со соодветниот стандард на квалификација. Само квалификациите од Регистарот на МРК се соодветни за нивото на МРК и, последователно, нивото на ЕРК. Кога стандардот на квалификации не постои во Регистарот на МРК, студиските програми се оценуваат и акредитираат според постојните процедури, но тогаш студиската програма не може да биде вклучена во МРК. |
| Високообразовните институцииизготвуваат студиски програми во согласност со поврзаните стандарди на квалификации од Регистарот на МРК и истите ги доставуваат за евалуација до Одборот за акредитација и евалуација на високото образование којшто ја оценува усогласеноста на студиските програми со соодветните стандарди на квалификации. 60% од општите резултати од учењето/кредити од студиските програми мора да ги опфаќаат сите задолжителни резултати од учењето од стандардот на квалификација. Одборот за акредитација и евалуација на високото образование исто така ја оценува целта на преостанатите 40% од резултатите од учењето во студиската програма од аспект на нивната релевантност за задолжителните резултати од учењето од страндардот на квалификација, клучните компетенции и специјалните компетенции коишто ги задоволуваат потребите на општеството и учениците.<br><br>Одборот за акредитација и евалуација на високото образование ја оценува поврзаноста на називот на квалификацијата во програмите со оние што се пропишани во стандардот на квалификацијата и другите елементи на квалитет пропишани во законот и правилници и донесува решение за одлука за акредитација (за програмата).<br>Врз основа на одлуката за акредитација на Одборот за акредитација и евалуација на високото образование, министерството одговорно за високото образование одлучува дали да ја вклучи студиската програма и високообразовната институција во Регистарот на МРК. |
| Се прави исклучок за третиот циклус на студиски програми кои се вреднуваат/оценуваат без стандарди на квалификации и само врз основа на резултатите од учење на описите на рзултати од учење од ниво VIIIод МРК. Оваа постапка е доволна за тие да бидат вклучени во МРК. |
| |

## Нацрт законски акти за ревидирање на постојното законодавство

## Закон за Националната рамка на квалификации

**Се додава Член 6а.**

По Член 6 треба да се додаде нов Член со наслов: Процедура на изготвување и евалуација на стандарди на квалификации во високото образование

(1) Високообразовната/итеустанова/и изготвуваат стандарди на квалификации врз основа на компетенциите коишто ги исполнуваат потребите на засегнатите страни (пазарот на трудот, општеството, корисниците и системот на квалификации) и во согласност со методологијата подготвена од страна на Националниот одбор за Македонската рамка на квалификации.

(2) Целите на квалификацијата треба да бидат идентификувани и анализирани пред да се изготви стандардот на квалификација.

(3) Предлог стандард на квалификација се доставува до Националниот одбор за Македонската рамка на квалификации.

(4) Националниот одбор за Македонската рамка на квалификации го препраќадоставениот стандард на квалификации доОдборот за акредитација и евалуација на високото образование за мислење по однос на квалитетот на предложениот стандард.

(5) Одборот за акредитација и евалуација на високото образование ја оценува усогласеноста на резултатите од учењето одстандардот на квалификација со општите описиодсоодветното ниво на квалификација, квалитетот на стандардот на квалификација (начинот на кој резултатите од учењето се постигнуваат,како се оценуваат и потврдуваат, човечките ресурсиза стекнување на резултатите од учењето, материјалните услови за стекнување на резултати од учењето) и називот на квалификацијата.

(6) Националниот одбор за Македонската рамка на квалификации ја оценува релевантноста на резултатите од учењето од доставениот стандард на квалификации. Националниот одбор за Македонската рамка на квалификации може да побара мислење од релевантно телоили да основа *ad hoc*телоза оценување на релевантноста на квалификацијата за потребите на пазарот на трудот и потребите на општеството.

(7) Врз основа на одобрението од Одборот за акредитација и евалуација на високото образование и оценката на релевантноста, Националниот одбор за Македонската рамка на квалификации одлучува за вклучувањето на стандардот на квалификации во Регистарот на Македонската рамка на квалификации.

(8) Стандардите на квалификации од Регистарот на Македонската рамка на квалификации служат како основа за изготвувањето и евалуацијата на студиските програми врз основа на кои се доделуваат квалификациите.

**Измена на Член 14**

Член 14, став 5 се менува:

> Со додавање на реченица во која се вели дека за високото образование нема да се формираат Секторски комисии за квалификации. Нова формулација: За

високообразовните квалификации нема да се формираат Секторски комисии за квалификации. Меѓународната Фраскатиева класификација се применува во научните дисциплини, полиња и области.

**Измена на Член 15**

Член 15 се менува:

со додавање на Одборот за акредитација и евалуација на високото образование како надлежно тело за изготвување, проверување, усвојување, признавање и класифицирањена квалификациите во Македонската национална рамка на квалификации.

**Измена на Член 16 став 5**

Член 16, став 5 се менува:

со додавање на претставниците на Одборот за акредитација и евалуација на високото образование и претставниците на Државниот испитен центар како членови на Националниот одбор за Македонската рамка за квалификации.

**Измена на Член 19**

Член 19 се менува:

со отстранување на надлежноста на секторските комисии за квалификации за високото образование. Нова формулација:

Секторските комисии за квалификации:

- ја анализираат состојбата и тенденциите на пазарот на трудот,

- предлагаат квалификации за секторот или под-секторот на квалификациите од ниво I до ниво V

- ги анализираат постојните квалификации,

- ги оценуваат постојните квалификации освен високообразовните квалификации,

- ги идентификуваат потребите за сите видови квалификации во согласност со потребите на пазарот на трудот и општеството во целина,

- ги разгледуваат предлозите за воведување на нови квалификации освен за високообразовните квалификации,

- предлагаат приоритети во подготовката на нови квалификации и надополнувањето на постојните квалификации

- подготвуваат основни профили на квалификации освен за високообразовните квалификации,

- даваат свое мислење за усогласеноста на стандардите зна занимања и стандардите на квалификациите со испитните програми, освен за високообразовните квалификациии,

- формираат комисии за испитување и потврдување на резултатите од учење(знаење, вештини и компетенции) во информалното образование и обука,

- ги промовираат секторите наквалификациите и можностите за вработување во нив, и

- поднесуваат годишни извештаи за своето работење до Националниот одбор за МРК.

**Измена на Член 21**

Член 21 се менува:

со додавање на нов став:

1а) Барањето за внес на стандард на кавлификација за високото образование во Регистарот може да биде доставено од високообразовна установа/и.

**Измена на Член 24**

Член 24 се менува:

со додавање на нов став:

Квалификациите стекнати пред стапувањето во сила на овој закон и квалификациите коишто не биле одобрени според процедурата од овој закон се дел од Македонската рамка на квалификации и истите нема да бидат вклучени во Регистарот на Македонската рамка на квалификации.

Во Регистарот на МРК ќе бидат вклучени само оние квалификации од претхдониот став по нивното ревидирање.

## Закон за високото образование

**Измена на Член 99 став 3**

Член 99 се менува:

- со замена на процентот на бројот на предмети со процент на бројот на кредити.

Нова формулација:

Студиските програми во сите студиски години треба да опфаќаат задолжителни и изборни предмети. Задолжителните предмети треба да бидат во соодветната област на единицата од универзитетот, односно, внатрешна организациска единица (институт, сектор, служба), а нивното учество треба да биде до 60% од бројот на кредити. Преостанатиот дел од студиската програма треба да се состои од 30% кредити коишто студентите независно ги избираат од сите предмети во рамките на единицата на универзитетот и 10% од кредитите коишто студентите независно ги избираат од листата на достапни изборни предмети предложена од страна на секоја единица од универзитетот поединечно. Предмети во областа на претприемништво и иновации задолжително се вклучуваат во овие 10% од кредити од изборни предмети на факултетите на кои тие се студираат.

## Уредба за Националната рамка на високообразовните квалификации

Уредбата за Националната рамка на високообразовните квалификации треба значително да се измени. Поради тоа, предлагаме да се донесе нова Уредба, како што следува:

Врз основа на Член 99 став 2 од Законот за високото образование („Службен весник на Република Македонија" бр. 35/08, 103/08, 26/09, 83/09, 99/09 и 115/10), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на xx.xx.xxxx година, донесе

**Предлог за УРЕДБА за Националната рамка на високообразовните квалификации**

**Член 1**

Со оваа Уредба се утврдува Националната рамка на високообразовните квалификации со која поблиску се определуваат описитена нивоата, целите и структурата на стандардите за квалификации и студиските програми од првиот, вториот и третиот циклус на студии, како и студиските програми за стручното образование пократко од три години.

**Член 2**

Националната рамка на високообразовните квалификации (во натамошниот текст: Националната рамка) претставува единствен меѓународно препознатлив опис, на ниво на националниот високообразовен систем, со кој се опишуваат високообразовните

квалификации на сите нивоа со користење на општи описи на резултатите од учењето и се определуваат односите помеѓу високообразовните квалификации.

Националната рамка е задолжителен национален стандард со кој се уредуваат начините за стекнување и користење на високообразовните квалификации во Република Македонија.

Националната рамка е инструмент за воспоставување на високообразовните квалификации стекнати во Република Македонија со кој се даваат основите за прегледноста, пристапот, проодноста, стекнувањето и квалитетот на квалификациите.

**Член 3**

Целите на Националната рамка се:

- да им овозможи на високообразовните установи, работодавачите, родителите, идните студенти и останатите да ги разберат постигнувањата и особеностите на стекнатото звање и начинот на кој квалификациите се меѓусебно поврзани ;
- да обезбедува поддршка на високообразовните установи, студентите и останатите при разјаснувањето на потенцијалните правци за напредувањето и преносот на кредитите, особено во контекст на поширокото учество во процесот на доживотно учење;
- да одржува споредливост на нормативите, стандардите и методологијата, особено на оние прифатени на единствениот простор за високо образование, да осигурува меѓународна конкурентност и да ја олеснува мобилноста на студентите и дипломираните;
- да им помогне на високообразовните установи во постапката на надворешното оценување на квалитетот преку донесување на појдовните точки за воспоставувањето и определувањето на академските стандарди.

**Член 4**

Националната рамка има четири нивоа и шест поднивоа коишто одговараат на нивоата на Рамката на квалификации на Европскиот високообразовен простор и Европската рамка на квалификации, како што следува:

| Ниво во Националната рамка на високообразовните квалификации | | Високо образование | Ниво во Рамката на квалификации на европскиот простор за високо образование | Ниво во Европската рамка на квалификации |
|---|---|---|---|---|
| VIII | | III циклус на студии<br>Докторски студии | Трет циклус на студии | 8 |
| VII | VIIA | II циклус на студии<br>Магистерски академски студии | Втор циклус на студии | 7 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | VIIБ | II циклус на студии<br>Специјалистички студии | | |
| VI | VIА | I циклус на студии<br>Универзитетски студии 240 кредити<br>Стручни студии 240 кредити | Прв циклус на студии | 6 |
| | VIБ | I циклус на студии<br>Универзитетски студии 180 кредити<br>Стручни студии 180 кредити | | |
| V | VA | Стручни студии од 60 до 120 кредити<br>Кратки циклуси во рамките на првиот циклус | Кратки циклуси во рамките на првиот циклус | 5 |
| | VБ | Стручно образование поврзано со првиот циклус на студии до 60ЕКТС | | |

**Член 5**

Описна квалификација, во смисла на оваа уредба, преставува опис, односно мерлив показател на резултатите од учењето и постигнувањата за кои се оценува студентот и кои за доделената квалификација, студентот треба да биде оспособен да ги покаже.

Националната рамка има општи описина квалификациите за секој циклус на студии што ги одразуваат резултатите од учењето односно вештините и постигнувањата на студентот и се однесуваат на квалификациите кои означуваат завршување на одреден циклус на студии.

Задолжителните резултати од учењето на специфична квалификација се утврдени во стандард на квалификација и тие треба да одговараат на општите описи на поврзаниот циклус на студии.

Стандардот на квалификацијата го подготвува високообразовната/ите установа/и што ја доделува квалификацијата доколку има повеќе од една високообразовна установа што ја доделува квалификацијата.

Во стандардот на квалификација треба да бидат стандардизирани следниве елементи:

1. Назив на квалификацијата
2. Ниво на квалификацијата
3. Критериуми за запишување

4. Цел(-и) на квалификацијата
5. Задолжителни резултати од учењето
6. Начин на кој се стекнуваат резултатите од учењето
7. Начин на оценување и потврдување на резултатите од учењето
8. Кадар потребен за стекнување на резултатите од учењето
9. Материјални услови потребни за стекнување на резултатите од учењето
10. Пристап до пазарот на трудот.

**Член 6**

Студиската програма за која се доделува квалификацијата ја дефинира целната група за која е наменета квалификацијата и ги определува општите резултати од учењето за целата студиска програма и специфичните резултати од учењето за секој предмет во рамките на студиската програма.

Задолжителните резултати од учењето пропишани со стандардот на квалификација ќе се опфатат со резултатите од учењето на студиската програма.

Со студиската програма ќе се опфатат задолжителните резултати од учењето пропишани со стандардот на квалификација со најмалку 60% од кредитите на студиската програма.

**Член 7**

Студиските програми се состојат од задолжителни предмети со кои се определуваат основните знаења и вештини усогласени со задолжителните резултати од учењето пропишани во стандардот на квалификација и изборни предмети како дополнување на посебните вештини стекнати со задолжителните предмети.

Слободните изборни предмети кои се сметаат за потребни за одредени работни места не се неопходни за доделување на квалификацијата.

За секоја студиска програма, јасно се наведува структурата на соодносот на предметите.

Податоците за резултатите од учењето стекнати од страна на студентот, како и користењето на квалификацијата се соопштуваат во додатокот на дипломата.

**Член 8**

Називите на квалификациите се предлагаат во стандардите на квалификации и се определуваат во согласност со Законот за високото образование на начин кој овозможува нивното вклучување во Националната рамка да биде разбирливо за сите засегнати засегнати страни и тие да бидат усогласени со Класификацијата на научно-истражувачките подрачја, полиња и области според меѓународната Фраскатиева класификација дадена во прилог на Уредбата за нормативи и стандарди за основање на високообразовни установи и за вршење на високобразовна дејност.

Називот на квалификацијата го дефинираОдборот за акредитација и евалуација на високото образование во процесот на евалуација на стандардот на квалификација, а конечната одлука за називот на квалификацијата ја носи Националниот одбор за МРК .

Називот на квалификацијата што се стекнува при завршувањето на студиската програма е ист со називот на квалификацијата на поврзаниот стандард на квалификација.

Под-Регистарот на стандарди на високообразовни квалификации во Република Македонија го води Министертвото надлежно за работите на високото образование.

Под-Регистарот на високообразовни стандарди на квалификации е дел од Регистарот на Македонската рамка на квалификации и ги содржи стандардите на квалификации одобрени од страна на Националниот одбор за МРК , студиските програми поврзани со одредени стандарди на квалификации и одобрени од страна на Одборот за акредитација и евалуација на високото образование и високообразовните установи акредитирани за реализирање на одобрени студиски програми и доделување на поврзаните квалификации.

**Член 9**

Определувањето на нивото на постојните и на новите квалификации во Националната рамка се врши врз основа на евалуацијата на резултатите од учењето определени за дадена квалификација во однос на општите дескриптори за поврзаното ниво на квалификација.

Група од различни квалификации, стекнати во различни научни подрачја на студирање, може да се поставaт на исто ниво во Националната рамка ако ги исполнуваат општите описиза резултатите од учењето за тоа ниво.

Студиските програми можат да бидат од различно или исто научно подрачје, изведени со различни предмети, но како такви да му овозможуваат на студентот да се стекне со знаења, вештини и компетенции, специфични за дадениот циклус кои го подготвуваат за влез во следниот циклус на студии или му даваат можност за вработување на одредени стручни работни места.

Нивото на квалификацијата се утврдува и со исполнување на условот за минималниот број на кредити за даденото ниво. Вкупниот број на кредити за секоја квалификација јасно и недвосмислено се наведува во стандардот на квалификацијата и во студиската програма.

**Член 10**

Мерливите показатели за резултатите од учењето за одредено ниво на квалификација се изразуваат со следниве описина квалификации:

- знаење и разбирање,
- примена на знаењето и разбирањето,
- способност за проценка,
- комуникациски вештини и
- вештини на учење.

**Член 11**

Квалификации кои означуваат успешно завршување на краток циклус на студии (60-120 ЕКТС) се доделуваат на лице кое поседува резултати од учењето што ги исполнуваат следните општи описи:

| | |
|---|---|
| **знаење и разбирање** | Покажува знаење и разбирање во полето на студирање кое се надградува врз општото средно образование поткрепено со стручна литература;<br>Поседува знаење кое дава поддршка на полето на работа или професија, можност за личен развој и основа за понатамошни студии за да се заврши првиот циклус. |
| **примена на знаењето и разбирањето** | Способност за практична и професионална примена на знаењето и разбирањето. |
| **способност за проценка** | Способност да пребарува, идентификува и користи податоци за да формулира одговори и решенија на јасно дефинирани конкретни и апстрактни проблеми. |
| **комуникациски вештини** | Способност да комуницира во врска со конкретни апстрактни проблеми, вештини и активности со рамните на себе, со претпоставените и клиентите. |
| **вештини на учење** | Има вештини за учење и може да преземе понатамошни проучувања со определен степен на автономност. |

Квалификации кои означуваат успешно завршување на првиот циклус на студии (180-240 ЕКТС) се доделуваат на лице кое поседува резултати од учењето што ги исполнуваат следните општи дескриптори:

| | |
|---|---|
| **Знаење и разбирање** | Покажува знаење и разбирање во главното научно поле на студирање кое се надградува врз претходното образование и обука, вклучувајќи и познавање во доменот на теоретски, практични, концептуални, компаративни и критички перспективи во научното поле според соодветна методологија;<br>Разбирање на одредена област и познавање на тековните прашања во врска со научните истражувања и новите извори на знаење;<br>Покажува знаење и разбирање за разни теории и методологии. |
| **примена на знаењето и разбирањето** | Може да го примени знаењето и разбирањето на начин што покажува професионален пристап во работата или професијата;<br>Покажува компетенции за идентификација, анализа и решавање проблеми; |

| | |
|---|---|
| | Способност за пронаоѓање и поткрепување аргументи во рамките на полето на студирање. |
| **способност за проценка** | Способност за прибирање, анализирање, оценување и презентирање информации, идеи, концепти од релевантни податоци;<br>Донесување соодветна проценка земајќи ги предвид релевантните лични, општествени, научни и етички аспекти;<br>Способност да оценува теоретски и практични прашања, да дава објаснување за причините и да избере соодветно решение. |
| **комуникациски вештини** | Способност да комуницира и дискутира, и со стручната, и со нестручната јавност, за информации, идеи, проблеми и решенија кога критериумите за одлучување и опсегот на задачата се јасно дефинирани;<br>Презема поделена одговорност за колективни резултати;<br>Способност за независно учество, со професионален пристап, во специфични, научни и интердисциплинарни дискусии. |
| **вештини на учење** | Презема иницијатива да ги идентификува потребите за стекнување понатамошно знаење и учење со висок степен на независност. |

Квалификации кои означуваат успешно завршување на вториот циклус на студии (60-120 ЕКТС) се доделуваат на лице кое поседува резултати од учењето што ги исполнуваат следните општи описи:

| | |
|---|---|
| **знаење и разбирање** | Покажува знаење и разбирање за главното научно поле на студирање, кое се надградува врз првиот циклус, применувајќи методологии соодветни за решавање сложени проблеми, како на систематски, така и на креативен начин, што обезбедува основа или можност за оригиналност во развивањето и/или примената на автономни идеи во контекст на истражувањето;<br>Способност за употреба на проширено и продлабочено знаење;<br>Покажува високо ниво на професионална компетентност во едно или повеќе специфични научни полиња;<br>Поседува знаење од една или повеќе предметни области кои, во дадените научни полиња, се заосновани на најреномирани меѓународни истражувања во тоа научно поле. |
| **примена на знаењето и разбирањето** | Способност за критичко, независно и креативно решавање проблеми со одредена оригиналност во нови или непознати средини и во мултидисциплинарен контекст, поврзани со полето на студирање. |

| | |
|---|---|
| **способност за проценка** | Способност за синтетизирање и интегрирање на знаењето;<br>Способност за справување со сложени прашања, систематски и креативно, за солидно проценување дури и при некомплетни или ограничени информации, но кои ги вклучуваат личните, општествените и етичките одговорности при примената на стекнатото знаење и проценка;<br>Способност за оценување и селекција на научни теории, методологии, алатки и општи вештини од предметните области, и поставување на нови анализи и решенија на научна основа. |
| **комуникациски вештини** | Способност за размена на заклучоци и предлози со аргументирање и со рационално поткрепување на истите, како со стручни, така и со нестручни лица, јасно и недвосмислено;<br>Преземање значителна одговорност за заедничките резултати; водење и иницирање активности. |
| **вештини на учење** | Способност за препознавање на личната потреба за понатамошно знаење и способност за независно и самостојно делување при стекнувањето нови знаења и вештини во општествени рамки;<br>Способност за преземање одговорност за понатамошен професионален развој и усовршување. |

Квалификации кои означуваат успешно завршување на третиот циклус на студии се доделуваат на лице кое поседува резултати од учењето што ги исполнуваат следните општи дескриптори:

| | |
|---|---|
| **знаење и разбирање** | Покажува систематско разбирање на полето на истражување и совршено познавање на методи и вештини за истражување во рамките на тоа поле согласно највисоките меѓународни стандарди. |
| **примена на знаењето и разбирањето** | Покажува способност да толкува, дизајнира, применува и адаптира суштински предмет на истражување со научен интегритет;<br>Има направено придонес преку оригинални истражувања кои ги поместуваат напред постојните граници на знаење, развивајќи нови знаења, вреднувани на ниво на национални и интернационални рецензирани публикации. |
| **способност за проценка** | Способност за критичка анализа, оценување и синтеза на нови и сложени идеи, имајќи компетенции за проценка;<br>Способност за независно иницирање и учество во национални и меѓународни истражувачки мрежи и настани со |

| | |
|---|---|
| | научен интегритет;<br>Способност за независно иницирање на истражувачки и развојни проекти, преку кои ќе генерира ново знаење и вештини за развој на истражувачкото поле. |
| **комуникациски вештини** | Може да комуницира со своите колеги, поширокста академска заедница и со општеството во целина во рамките на својата област на експертиза. |
| **вештини на учење** | Се очекува да биде способен да се промовира во академски и професионални рамки и во технолошкиот, социјалниот или културниот развој во општество засновано на знаење. |

**Член 12**

Секоја квалификација во Националната рамка треба да биде компатибилна со соодветните описи на квалификацијата од Рамката на квалификации на Европскиот високообразовен простор и Европската рамка на квалификации.

Постапката на потврдување на компатибилноста на Националната рамка со Рамката на квалификации на Европскиот високообразовен простор и Европската рамка на квалификации се изведува најмалку на секои пет години.

**Член 13**

Степените на високо образование стекнати пред денот на влегувањето во сила на оваа уредба споредени со нивоата во Националната рамка соодветствуваат на:

| Ниво во Националната рамка на високообразовните квалификации | VIII | VII | | VI | | V | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | VIIA | VIIБ | VIA | VIБ | VA | VБ |
| Поранешни степени | VIII | VII/2 | | VII/1 | | VI | |

Високообразовните квалификации стекнати пред влегувањето во сила на оваа Уредба не се дел од Националната рамка и нема да бидат вклучени во Регистарот на Македонската рамка на квалификации.

Постојните и новите квалификации ќе бидат вклучени во Регистарот на МРК за високообразовни квалификации по спроведувањето на процес на евалуација од страна на Одборот за акредитација и евалуација на високото образование.

Министерството надлежно за високото образование ќе ја вклучи квалификацијата во Регистарот на МРК за високообразовни квалификации врз основа на позитивно мислење на Одборот за акредитација и евалуација на високото образование.

**Член 14**

Студиската програма, заедно состандардот на квалификациите, се објавуваат на интернет страниците на високообразовните установи акредитирани за реализирање на студиски програми и доделување на квалификации.

**Член 15**

Одредбата од Член 14 на оваа уредба ќе отпочне да се применува дванаесет месеци од денот на влегувањето во сила на оваа уредба.

**Член 16**

Оваа уредба влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

**Член 17**

Со донесувањето на оваа Уредба се укинува Уредбата за Националната рамка за високообразовни квалификации („Службен весник на Република Македонија“ бр. 154 од 30.11.2010 година).

## Секундарно законодавство

### Правилник за задолжителните компоненти кои треба да ги поседуваат студиските програми од првиот, вториот и третиот циклус на студии

**Измена на Член 2**

Членот 2 се менува:

- во Членот 2 став 1, после бројот 1 се додава нов број 1а кој гласи: „Резултатите од учењето од студиската програма коишто се во согласност со описитена нивото на квалификација пропишани во Уредбата за Националната рамка на високообразовните квалификации и задолжителните резултати од учењето утврдени во стандардот на квалификација“ и 1б кој гласи: „Код и назив на поврзаниот стандард на квалификација”.

**Измена на Член 3**

Членот 3 се менува:

- со додавање на нов број 1а после број 1 од став 1 на Членот 3, кој гласи:„Резултати од учењето од студиската програма коишто се во согласност со дескрипторите на

нивото на квалификација пропишани во Уредбата за Националната рамка на високообразовните квалификации“.

Овие измени треба да се рефлектираат и во **Прилог 1** и во **Прилог 2**.

**Измена на Член 4**

Членот 4 се менува:

- со отстранување на број 10 и број 11
- со додавање на нов број 10 што гласи: „Специфични резултати од учењето на предметот“.
- со прилагодување на бројките на точките од 12 до 22.

## Правилник за измени и дополнувања на Правилникот за задолжителните компоненти кои треба да ги поседуваат студиските програми од првиот, вториот и третиот циклус на студии

Поради потребното значително ревидирање, се предлаганов Правилник за измени и дополнувања на Правилникот за задолжителните компоненти кои треба да ги поседуваат студиските програми од првиот, вториот и третиот циклус на студии, како што е утврдено подолу.

## ОДБОР ЗА АКРЕДИТАЦИЈА НА ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ

Врз основа на Член 99 став 4 од Законот за високото образование („Службен весник на Република Македонија“ бр. 35/08, 103/08, 26/09, 83/09, 99/09, 115/10 и 17/11), Член 16 и Член 17, став 2, алинеја 4, од Уредбата за нормативи и стандарди за основање на високообразовни установи за вршење на високообразовна дејност („Службен весник на Република Македонија“ бр. 103/10 и 168/10), и Уредбата за националната рамка на високо-образовните квалификации („Службен весник на Република Македонија“ бр. 154/10), Одборот за акредитација и евалуација на високото образование, на седницата одржана на ___________, донесе

## ПРАВИЛНИК ЗА ИЗМЕНИ И ДОПОЛНУВАЊА НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА ЗАДОЛЖИТЕЛНИТЕ КОМПОНЕНТИ КОИ ТРЕБА ДА ГИ ПОСЕДУВААТ СТУДИСКИТЕ ПРОГРАМИ ОД ПРВИОТ, ВТОРИОТ И ТРЕТИОТ ЦИКЛУС НА СТУДИИ

Член 1

Во Членот 2 став 1 после бројот 1 се додава број 1а кој гласи: „Резултатите од учењето од студиската програма коишто се во согласност со описитена нивото на квалификација пропишани во Уредбата за Националната рамка на високообразовните квалификации и

задолжителните резултати од учењето утврдени во стандардот на квалификација“ и 1б кој гласи: „Код и назив на поврзаниот стандард на квалификација”.

Во Членот 2 после бројот 24 се додава број 24а кој гласи: „Резултати од изведената самоевалуација согласно со Упатството за единствените основи на евалуацијата и евалуационите постапки на универзитетите донесено од Одборотза евалуација на високото образование во Република Македонија и од Интеруниверзитетската конференција на Република Македонија (Скопје-Битола, септември 2002).

Прилогот бр. 1 со додавање на измените и дополнувањата станува Прилог бр. 1а.

Член 2

Во Членот 3 став 1 после бројот 1 се додава број 1а кој гласи: „Резултати од учењето од студиската програма коишто се во согласност со описитена нивото на квалификација пропишани во Уредбата за Националната рамка на високообразовните квалификации“.

Во Членот 3 после бројот 26 се додава број 26а кој гласи: „Резултати од изведената самоевалуација согласно со Упатството за единствените основи на евалуацијата и евалуационите постапки на универзитетите донесено од Одборотза евалуација на високото образование во Република Македонија и од Интеруниверзитетската конференција на Република Македонија (Скопје-Битола, септември 2002).

Прилогот бр. 2 со додавање на измените и дополнувањата станува Прилог бр. 2а.

Член 3

Број 10 и број 11 од Член 4 се отстрануваат а се додава нов број 10, кој гласи: „Конкретни резултати од учењето на предметот“. Нумерацијатаод 12 до 22 треба да се прилагодат.

Член 4

Овој Правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Со донесувањето на овој Правилник, Правилникот за измени и дополнувања на Правилникот за задолжителните компоненти кои треба да ги поседуваат студиските програми од првиот, вториот и третиот циклус на студии донесен во 2011 година престанува да важи.

## Правилник за начинот на потврдување на компатибилноста на Националната рамка на високообразовни квалификации со Европската рамка на високообразовни квалификации (само-сертификација)

Овој Правилник се менува со додавање дека треба да се потврди и компатибилноста на Националната рамка на високообразовни квалификации со Националната рамка на квалификации.

**Правилник за формата, содржината и начинот на водење на Регистарот за високообразовни квалификации**

Овој Правилник ќе се укине со измените на Законот за Националната рамка на квалификации што ќе ги пропишуваат постапките за запишување на квалификациите во Регистарот на МРК и содржината на Регистарот.

**Правилник за организацијата, работата, начинот на одлучување, методологијата за акредитација и евалуација, стандардите за акредитација и евалуација, како и други прашања во врска со работата на Одборот за акредитација и евалуација на високото образование**

**Измена на Член 24**

Членот 24 се менува:

- со додавање на јасно поврзување дека високообразовните стандарди на квалификации од Регистарот на МРК ќе се користат во постапките за акредитација и евалуација. Новаформулација:

  Работата на Одборот за акредитација и евалуација се заснова на методологија на вреднување на исполнетоста на условите утврдени со Уредбата за нормативите и стандардите, со Правилникот за задолжителните компоненти, со Уредбата за Националната рамка на високообразовните квалификации, со Упатството за начинот на обезбедување и оценување на квалитетот на високообразовните установи и на академскиот кадар во Република Македонија согласно со кое се спроведува надворешната евалуација, со условите содржани во проектот за основање на високообразовна установа, односно во елаборатот за вршење на високообразовна дејност на странска високообразовна установа, односно со условите на соодветната високообразовна установа за остварување на нови студиски програми, а во функција на обезбедување и оценување на квалитетот на високото образование кое опфаќа:
  - одобрување и признавање на високообразовна установа и на студиски програми, за вршење на високообразовна дејност согласно со Законот за високото образование и <u>Законот за Националната рамка на квалификации</u>, што се остварува преку акредитација,
  - процена на квалитетот на вршењето на високообразовната дејност, управувањето, финансирањето, академските и други активности и нејзините приоритети, што се остварува преку системот за евалуација,
  - други активности и механизми преку кои се развива и одржува квалитетот на високото образование утврдени со закон, со актите на телата што го оценуваат квалитетот на високото образование, како и со <u>високообразовните стандарди на квалификации од Регистарот на МРК</u> и стандардите и насоките за осигурување на

квалитетот на Европскиот простор на високото образование во рамките на Европската мрежа за осигурување на квалитетот на високото образование.

**Измена на Член 32**

Членот 32 се менува:

- со додавање на јасно поврзување дека стандардите на квалификации од Регистарот на МРК ќе се користат во постапките за акредитација и евалуација. Новаформулација:

  Во процесот на одлучувањето, стручната комисија особено ќе има предвид:
  А. Кај барањата за акредитација на високообразовна установа:
  - начинот на кој високообразовната установа ќе ги остварува својата мисија и цели во согласност со Членовите 17 до 19 од Законот за високото образование;
  - исполнетоста на материјално-техничките и просторните услови за изведување на наставата;
  - усогласеноста на студиските програми кои се предвидува да се реализираат со високообразовните стандарди на квалификации од Регистарот на МРК и со потребите на општеството за дадениот профил на кадри;
  - можностите за обезбедување на соодветни кадри за реализација на студиските програми; обезбеденост на условите за истражувачка дејност на наставниците и за вклучување на студентите;
  - обезбеденост на условите за истражувачка дејност на наставниците и за вклучување на студентите;
  - моделот за самоевалуација, односно процедурите што се предвидуваат за реализација на внатрешна контрола, обезбедување и унапредување на квалитетот на наставата во предложените студиски програми на високообразовната установа.
  Б. Кај барањата за акредитација на студиска програма:
  - Усогласеност на студиската програма со високообразовните стандарди на квалификации од Регистарот на МРК
  - структурата, организацијата и содржината на студиските и предметните програми;
  - усогласеноста на теоретската и практичната настава со целите на студиската програма;
  - формалното образование и истражувачкото искуство на наставниците кое кореспондира со специфичноста на студиската програма, односно профилот и квалификацијата на наставно-научниот кадар;
  - исполнетоста на материјално-техничките и просторните услови за изведување на наставата;
  - методите на предавање и оценување на постигнувањата на студентите;
  - активностите и механизмите преку кои се развива и се одржува квалитетот на високото образование;
  - научно-истражувачката, односно уметничко-творечката дејност на академскиот кадар и учеството на студентите докторанти во неа;

- соодветноста на предложената литература за совладување на материјата од предметниот наставник;
- обезбеденоста на предложената литература според законски пропишаните барања;
- усогласеноста на студиската програма со потребите на општеството за дадениот профил на кадри;
- соодветноста на структурата и содржината на циклусот на студии со општите дескриптори и на студиската програма со специфичните дескриптори.
В. Кај барањата за продолжување на акредитација:
- внатрешниот систем на оценување и осигурување на квалитетот на високото образование;
- постапките за одобрување, следење и обновување на студиските програми;
- постапките за преземање дејности во врска и по повод резултатите од внатрешната и надворешната евалуација и други независни проверки на квалитетот;
- усогласеност на студиските програми со високообразовните стандарди на квалификации од Регистарот на МРК
- применувањето на кредит трансфер системот;
- соработката со други високообразовни установи;
- поддршката, управувањето и развојот на материјалната база на високообразовната установа;
- научно-истражувачката, применувачката, апликативната и високостручната дејност и учеството на академскиот кадар во таа дејност.

**Измена на Член 45**

Членот 45 се менува:

- со додавање на Законот за Националната рамка на квалификации на законите со кои се утврдуваат условите што треба да се исполнат со цел да се добие позитивно мислење за формирање на државна високообразовна установа, акредитација на приватни високообразовни установи и акредитација на студиска програма.

**Измена на Член 46**

Членот 46 се менува:

- со додавање дека ревизијата на поднесената документација вклучува мислење во однос на усогласеноста на студиските програми со високообразовни стандарди на квалификации од Регистарот на МРК.

**Измена на Член 49**

Членот 49 се менува:

- со додавање дека унапредувањето на студиските програми ќе се оценува врз основа на тоа дали високобразовната установа ги усогласила своите студиски програми со високообразовните стандарди на квалификации од Регистарот на МРК

и целите и потребите на пазарот на трудот и ги зема предвид националните стратегии и очекувањата на општеството.

## VI. ЗАКЛУЧОЦИ

Во Препораките се претставени предложените правни решенија што ги вклучуваат сите нивоа на образование, општо образование, стручно образование и обука, образование на возрасните и високо образование. Тие пред сè се фокусираат на процедурите поврзани со вклучување на квалификации во Регистарот на МРК коишто се делумно пропишани во Законот за НРК и треба да бидат дополнително уредени со подзаконски акти. Процедурите поврзани со одобрувањето на образованието и студиските програми се дел од постојните законодавни акти коишто треба да бидат подобро усогласени со Законот за НРК и неговите соодветни законодавни акти.

Предложените решенија се во насока на осигурување на квалитет на квалификациите и се прифатени од страна на сите кои се вклучени во процесот на консултации спроведен до сега. Тоа значи дека подготовката и оценувањето на програмите што доведуваат до стекнување на квалификации коишто се развиени во согласност со потребите на пазарот на трудот се врши врз основа на елементите на квалитет вклучени во стандардот на квалификации што е во согласност со соодветниот стандард на занимање.Овие два стандарди нудат критериуми и референтна точка за оценување (и осигурување) на квалитетот и релевантноста на квалификациите, а со тоа и на програмите.Според мислењето на експертите, потребни се крупни промени во законодавството во однос на процедурите и надлежноста за акредитација (верификација) на програмите. Постојните процедури треба да бидат усогласени со концептуалното решение за воведување на стандарди за квалификации покрај постојните стандарди на занимања.

Дополнителната ревизија на законодавството поттикна изготвување на следниве подзаконски акти:

- Правилник за „организацијата, работата, начинот на одлучување, методологијата за одобрување и класификација на квалификации во МРК и стандардите за одобрување и класификација на квалификации во МРК, како и други прашања во врска со работата на Националниот одбор за МРК" врз основа на Член 16 (15);
- Правилникот за „формата, содржината и начинот на водење на Регистарот" (врз основа на Член 20 (4));
- Протокол со кој се уредува заедничката работа на Центарот за Стручно образование и обука, Центарот за образованние на возраснии Бирото за развој на образованието .
- Правилник со кој се уредуваат критериумите и постапките на Секторските комисии за квалификации и Националниот одбор за МРК при оценувањето на предложените стандарди за занимања, стандарди за квалификации и програми.

Конечно, законодавните напори посветени на задачите и одговорностите на органите надлежни за развој на квалификации треба да го земат предвид сегашниот институционален капацитет на овие органи, како и нивниот потенцијал за градење на

капацитети во блиска иднина.Ова е неопходно за да се обезбеди спроведливост на предложените прописи, да се избегнат тесни грла во практичната примена на предвидените процедури и следствено да се овозможи непречено функционирање на системот на квалификации.



# QUALIFICATIONS




[1] PROFESSIONAL QUALIFICATIONS – as defined by the EU Directive on Regulated Professions
[2] VET oriented – oriented towards the labour market needs (tržišno orjentirane)

Ana Tecilazić Goršić, Workshop, 25 August